МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

# ШТИТ

Број 188
Јуни 2025



Денот на победата над фашизмот и Денот на Европа

Промоција на родовата самопроцена во одбраната

Милош Ранчиќ, професионален војник и армиски репрезентативец

ISSN 1857-6710



# Одбележани Денот на победата

Делегација на Владата, предводена од министерот за одбрана Владо Мисајловски, придружуван од министерот за животна средина и просторно планирање Изет Меџити и министерот за правда, Игор Филков, положи венец со свежо цвеќе на спомен-обележјето на Партизанските гробишта во Бутел во Скопје по повод одбележувањето на Денот на победата над фашизмот и Денот на Европа.

На спомен-обележјето, венци со свежо цвеќе положија и делегации на Сојузот на борците од Народноослободителната антифашистичка војна, од Собранието на Република Северна Македонија, од Кабинетот на претседателката и врховен командант на Армијата, делегација на Армијата, предводена од началникот на Генералштабот, генерал-мајор Сашко Лафчиски, како и делегации од амбасадите на Австрија, Франција, Германија, Италија, Црна Гора, Шпанија, Украина и други организации и здруженија.

Министерот Мисајловски се обрати пред присутните и ја истакна пожртвуваноста на борците за слободна и независна Македонија. „Тоа се херои кои, следејќи ги идеалите на нашите илинденци за слободна Македонија, за достоинство и иднина без тиранија, го положија својот живот за оваа највозвишена цел. Нивната жртва не е само запишана во историските книги – таа е дел од нашиот идентитет. Ова место за нас е свето место зашто тука им оддаваме почит на оние кои помогнаа да се стави крај на ужасите од Втората светска војна“, рече министерот Мисајловски и додаде дека слободата, правдата, вистината и човековите права не се подарок – тие се и избор и борба.

Министерот Мисајловски по повод одбележувањето на Денот на Европа, нагласи дека во ова време кога сите земји во Европа прават сè за мирот и безбедноста да биде реалност на целиот континент, Европа мора да биде силна, единствена и заедно, храбро, да застанеме против сите закани. Во тој контекст, тој додаде дека македонските граѓани не бараат скратени патишта, протекционизам за членство, туку бараат фер пристап и можност. „Бараме она што е впишано во суштината на Европската Унија да биде единственото мерило за нашата подготвеност да бидеме дел од ова големо семејство. Бараме нашите реформи и нашата непоколеблива верба во европската идеја да бидат препознаени – зашто ние сме Европејци, во нашата посветеност кон правдината, во нашите вредности, во нашиот дух“, потенцира министерот Мисајловски.



# над фашизмот и Денот на Европа

На овој настан свое обраќање имаше и заменик-претседателот на Владата за политички систем, Љупчо Димовски, кој истакна: „Со големо достоинство, длабока и искрена благодарност им се поклонуваме на македонските борци и партизани кои го положија сопствениот живот за освојување на слободата која македонскиот народ и сите народности од овие простори со векови ја посакувале. Тие се темелот на нашата држава и на нашето достоинство и постоење како народ, свесен за својата големина, затоа што Македонците со својата чест, правдољубивост и слободарство во најцрниот период од своето постоење застанаа на вистинската страна заедно со сојузниците и со сите напредни народи, спротивставувајќи се на фашистичкиот окупатор.

9 Мај е круната на македонската идеја за сопствена држава, денот во кој се оствариja сите надежи да бидеме свои на своето, слободни и независни. Овој победнички ден претставува заокружување на страдањата и жртвите од илинденската епопеја и на сите други борби што ги водел македонскиот народ во својата историја Овој ден претставува остварување на нашата идеја за самостојна Македонија. Тоа е идејата која била главниот мотив за сите македонски учесници во воениот виор, идејата која ги крепела низ сите искушенија, предизвици и битки."

Министерот за европски прашања, Орхан Муртезани, во своето обраќање потенцираше: „9 Мај не е само уште еден датум во календарот. Тоа е ден кога човештвото одлучи да не се помири со мракот. Ден кога жртвата на милиони луѓе ја осветли патеката кон еден нов почеток. И ние бевме дел од таа борба. Нашата земја даде свои животи, свои приказни, свои херои. Затоа денес стоиме токму овде, но не пред обични споменици, туку пред сведоштвото на историјата што ја обликуваше суштината на она што денес го нарекуваме слобода. Овде, на ова место на тишина и достоинство, се потсетуваме не само на минатото, туку и на вредностите кои и денес нè обединуваат. 9 Мај е ден со длабока симболика: победата над фашизмот, но и раѓањето на идејата за обединета и мирна Европа. Како министер за европски прашања сакам да порачам: нашата европска иднина не е декларација, таа е одлука. Таа е избор за сојуз што нè обединува околу мирот, слободата и правдата. Европа не е само географски, таа е и морален простор, создаден токму поради жртвите како што се хероите на кои денес им положуваме цвеќе“. ■

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија



Главен и одговорен уредник
м-р Трајче Чатмов



Редакција:

Умит Реџепи
(технички уредник)



м-р Ксенија Митева (лектор)



Борче Лозановски (новинар)



Станка Петкова (новинар)

Печати:
„Винсет графика“ – Скопје




„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во
месецот и на web-страницата
на Министерството за
одбрана
https://mod.gov.mk/штит



16



18

# содржина

ШТИТ | година XVII | број 188 | јуни 2025

Инфо
**Меѓународен саем за одбрана и вооружување „DEFEA 25“**............ 6

Инфо
**20 Мај, Денот на највисоката единица од доменот на логистиката во Армијата**.................. 12

Вооружување
**„АВС 79М“ – амфибиски оклопен транспортер**...................... 14

Воена едукација
**„Inmarsat“ – сателитска комуникација во тактичките и оперативните единици**.............. 20

Воена едукација
**Командирот на одделение: Клучна алка во обуката и војувањето**.......................................... 22

Глобал
**Мировно решение на турско-курдскиот конфликт**................................................. 26

Воена едукација
**„Videre non videri“ со четата за воено разузнавање**........................ 32

Безбедност
**Приватната безбедност Во Р.С. Македонија**.............................. 36

Психологија
**Тишината што тежи: Табу-теми во воената средина**....... 38

Воена традиција
**Швајцарската гарда: Живата традиција на Ватикан**................................................ 48

Воена историја
**Операција „Керберус“**...................... 52

Спорт
**Со армиски услови за работа, до незамисливи резултати!**............................................ 56

Уметниците и војната
**Алфонс Мари Адолф де Нојвил**............................................ 59



26



46

ПИШУВА:

**м-р Трајче Чатмов**
Главен и одговорен уредник

# КОН ОВОЈ БРОЈ

## Единство, сеќавање и напредок: Од минатото кон модерната одбрана

*9 Мај – Денот на победата над фашизмот е симбол на храброста, отпорот и истрајноста на народите кои се бореа за слобода, еднаквост и човеково достоинство. Овој ден не е само сеќавање на минатото, туку и потсетник за вредностите што ја градат иднината – мирот, демократијата и солидарноста. Борбата против фашизмот во Втората светска војна беше глобален отпор против идеологиите на омраза и дискриминација. Денес таа борба се рефлектира преку залагањето за еднаквост во сите сфери на општеството, вклучително и во одбранбениот сектор.*

*Во таа насока, современата одбрана не се мери само по воените способности, туку и по капацитетот за инклузија и еднаквост. Токму затоа, родовата самопроцена во одбраната претставува клучен чекор во унапредувањето на една фер и демократска институција. Самопроцената овозможува подобро разбирање на родовите предизвици, на пристапот до лидерски позиции, еднаков третман и почитување на различноста. Преку вакви процеси, Армијата ја јакне својата интерна кохезија, моралот и оперативната ефикасност, но испраќа и силна порака дека секој поединец, без разлика на полот, има вредност и улога во заштитата на државата.*

*Во рамките на таа посветеност кон современите стандарди, 20 Мај – Денот на највисоката логистичка единица во Армијата, ја истакнува суштинската важност на логистиката во одбранбениот систем. Без силна логистика нема одржлива борбена готовност. Логистиката е таа што ја движи секоја воена операција – обезбедување на ресурси, транспорт, опрема и поддршка. Овој ден е признание за трудот, стручноста и посветеноста на сите припадници на логистичките единици кои, иако честопати се во сенка, претставуваат столб на стабилноста и функционалноста на Армијата.*

*Од сеќавањето на хероите од минатото, преку изградбата на инклузивна и родово-сензитивна Армија, па сè до унапредување на клучните единици како логистиката, нашата земја чекори по патот на модерна, европска и демократска одбрана. Овие датуми не се само симболи – тие се темели врз кои ја градиме безбедноста и достоинството на државата и нејзините граѓани.*

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

trajce.catmov@mod.gov.mk
borce.lozanovski@mod.gov.mk
stanka.petkova@mod.gov.mk



# Промоција на родовата самопроцена во одбраната

Претседателката Гордана Сиљановска-Давкова и министерот за одбрана Владо Мисајловски се обратија на промоцијата на родовата самопроцена во одбраната и на Родовиот акциски план 2024 – 2028 година на Министерството за одбрана и Армијата и заклучија дека постои видлив напредок и позитивен тренд во зголемувањето на жените во одбранбениот сектор.

Претседателката Сиљановска-Давкова порача дека како врховна командантка на вооружените сили, кон родовите прашања во Армијата и во одбраната не се однесува само како набљудувачка, туку и како актерка.

„Жалам што за многу жени во одбраната, без оглед дали се дел од Министерството или од воените структури, вистинската борба не почнува во мисиите во коишто учествуваат и еднакво се жртвуваат, туку во нивните сопствени редови, како борба за еднакви услови за работа и за рамноправен статус, како борба за усогласување на професионалниот живот со семејните обврски, а за жал понекогаш и како борба за еднакво вреднување на трудот и напредокот“, рече претседателката.

Министерот Мисајловски родовата еднаквост ја нарече „цивилизациска вредност која го сублимира сиот потенцијал и капацитет и создава синергија која ќе биде моторот за заеднички развој.“

„За нас приоритет е поголемата застапеност на жените во безбедносните структури – не само како бројка, туку како квалитет. Можеби најзначајниот чекор го направија македонските граѓани кои со изборот на првата врховна командантка на Армијата, претседателката Сиљановска-Давкова на оваа врвна државна позиција, покажаа дека се ослободени од стегите на тоа дали државата, а со тоа и вооружените сили, на чело имаат маж или жена“, рече Мисајловски.

Министерот истакна дека со јакнење на механизмите за родова еднаквост, фокусирани на родовата обука на сите нивоа во Министерството и Армијата, го мултиплицираме нашиот потенцијал и носиме вистински решенија за подобрување на внатрешната структура, лидерството, кадровските политики, работните услови и инфраструктурата. Тој информираше дека во Министерството на раководни позиции 52,3 проценти се жени.

Мисајловски потенцираше дека процентот на застапеност на жените мора да продолжи да се зголемува и додаде дека е цврсто убеден во тоа дека „еден човек може да се разликува единствено по посветеноста, професионалноста и личниот интегритет и по ништо друго.“

На промоцијата се обратија и амбасадорката на Кралството Шведска Ами Ларсон Јаим и заменик-директорката на DCAF – Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор, Беатрис Годефра, кои ја истакнаа важноста на родовата еднаквост.

Амбасадорката Ларсон Јаим им честиташе на сите кои беа вклучени во процесот и планирањето како работната средина да ја направат родово одговорна и попривлечна за мажите и за жените рамноправно да придонесат за лидерството, заштитата и безбедноста на земјата.




Заменик-директорката на DCAF, Годефра, изрази благодарност за соработката со Министерството за одбрана и порача дека „не може да има ниту значаен напредок ниту одржлив развој без еднакво и суштинско учество на мажите и жените.“ Годефра истакна дека „одбраната и Армијата имале „професионален и посветен пристап кон родовата самопроцена и дека овој процес беше значајна можност за институционално размислување, заемно учење и градење доверба.“

Родовата самопроцена и Акцискиот план за родова еднаквост 2024 – 2028 на Министерството за одбрана и Армијата се изработени во соработка со DCAF-Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор, поддржани од Швајцарија, Шведска, Холандија и Европската Унија. Акцискиот план за унапредување на родовата еднаквост е стратешки документ кој се базира на наодите од родовата самопроцена. Тој предвидува конкретни мерки и активности за унапредување на родовата еднаквост во рамките на Министерството и Армијата, во области како што се зајакнување на родовата структура, донесување на одлуки, професионален развој, обука, опрема, инфраструктура и организациска култура.

На оваа промоција присуствуваа и началникот на Генералштабот, генералот Сашко Лафчиски, пратеници во Собранието, членови на дипломатскиот кор, вработени во одбраната и припадници на Армијата.

На крајот на промоцијата зедоа учество полковник Билјана Блажеска, аѓутантка на врховниот командант , потполковник Сашо Стојчевски од Министерството за одбрана и експертки за родова еднаквост, кои истакнаа дека, Министерството за одбрана и Армијата имаат направено значителни напори за дизајнирање и спроведување на активности и политики за операционализација на националната правна и политичка рамка.

Родовата самопроцена покажа и потреба од поголема застапеност на жените во одредени соодветни тела, комисии и тела за одлучување, со цел поголема родова балансираност и поголема родова сензитивност при донесувањето одлуки.

Унапредувањето на родовата еднаквост значи поддршка и им овозможува и на мажите и на жените подеднакво да учествуваат и да придонесуваат за обезбедување, планирање и надзор на безбедноста и одбраната во Министерството и во Армијата. ■





# Генералот Лафчиски на Конференција на Воениот комитет на НАТО

Началникот на Генералштабот на македонската армија, генерал-мајор Сашко Лафчиски, на 14 мај во седиштето на НАТО во Брисел, Кралството Белгија, учествуваше на Конференцијата на Воениот комитет на НАТО во формат на началници на генералштабови.

Во текот на Конференцијата, генералот Лафчиски активно учествуваше во дискусиите, при што од негова страна беше нагласено дека интероперабилноста останува клучна за подготвеноста на НАТО. „Преку остварување на нашите цели и соработка со сојузниците, ние ги поддржуваме напорите на НАТО за одговор на сегашните и идните закани“, истакна генералот Лафчиски. Во врска со учеството на нашата армија во мисии предводени од НАТО, генералот Лафчиски ја истакна јасната определба за подготвеноста на армиските сили, како и определбата за солидарноста кон сојузниците преку учество во мисии, предводени од НАТО, за соодветно одвраќање. Беше нагласено дека македонските војници активно учествуваат во мисите на НАТО на источното крило на Алијансата, поточно во Бугарија, Романија и Латвија. Во оваа пригода беше истакната и улогата на нашата армија во колективната обука на НАТО преку учество во НАТО водените вежби.



Претседавачот на Воениот комитет, адмиралот Џузепе Каво Драгоне, во своето воведно обраќање наведе дека целта на состанокот е да се истакне сеопфатниот пристап на Алијансата во справувањето со глобалните предизвици преку единство и соработка. Дополнително, адмиралот Драгоне истакна дека тековните безбедносни предизвици бараат инвестиции во време и ресурси, наведувајќи „повеќе инвестирање, а не трошење повеќе, ова е императив за одржување на мирот сега и во иднина“.

Конференцијата на Воениот комитет се реализираше преку неколку сесии. Прво, командантот на Врховната сојузничка команда на НАТО за Европа, генералот Кристофер Каволи, информираше за континуираниот напор на Алијансата за зајакнување на колективната одбрана и одвраќање. Во текот на оваа сесија началниците на генералштабовите на земјите членки на Алијансата разменија мислења за тековните НАТО мисии и активности, како и за НАТО безбедносната помош и обука за Украина. Потоа командантот на Врховната сојузничка команда на НАТО за трансформација, адмирал Пјер Вандиер, информираше за одбранбеното планирање на НАТО и за можностите за иновации и предизвици.

На сесијата посветена на Украина се дискутираше за руската воена агресија врз Украина, за состојбата на теренот и за континуираната поддршка која НАТО ја дава за Украина.

На Конференцијата на Воениот комитет, покрај претставниците од 32-те земји членки на НАТО, присуствуваа и командантите на Врховната сојузничка команда на НАТО за Европа и Врховната сојузничка команда на НАТО за трансформација. Ова тело заседава во различни формати, а највисокиот формат е на ниво на началници на генералштабови. Вообичаено заседава три пати годишно, два пати во седиштето на НАТО и еднаш во земја членка на Алијансата. ■



# Ден на високи гости на вежбата за подготвеност за стратегиско распоредување

Во касарната „Јане Сандански“ во Штип се реализираше Денот на високи гости на вежбата за подготвеност за стратегиско распоредување (Strategic Deployment Readiness Exercise – SDRE).

На настанот присуствуваа началникот на ГШ на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, командантот на Командата за операции, бригаден генерал Мирче Ѓоргоски, командантот на Командата за обука и доктрини, бригаден генерал Лулзим Нуредини, командантот на 1. пешадиска бригада, бригаден генерал Дејан Чиплаковски, претставници на Амбасадата на САД во нашата држава, претставници од Канцеларијата за одбранбена соработка (ODC) на САД, претставник на Европската команда на САД и други гости. Присутните беа информирани за досегашните реализирани активности за подготовка и распоредување на наменската сила на зајакната чета од составот на ЛПБГ за учество на вежбата „Saber Junction 2025 (SJ-25)“ во СР Германија, која треба да се реализира во втората половина на оваа година, а на која ќе се согледаат оперативните способности на ЛПБГ. Дополнително, беше реализирана показна вежба за проверка на подготвеноста на оваа чета, а фокусот беше на преглед на комплетноста на личната и колективната опрема, проверка на документите за транспорт и симулации на товарање на опрема.

Началникот на Генералштабот на Армијата им честиташе на организаторите на вежбата, наведувајќи дека она што го видовме влева доверба дека вежбата „SJ-25“ ќе се реализира во најдобро светло. Односно, научените лекции од оваа активност треба да се преточат во процедури за упатување на наши сили во странство.

Вежбата SDRE, чии носители беа Генералштабот на Армијата и Командата за операции, се реализираше во соработка со тимот за одбранбена трансформација при Институтот за безбедносно управување на САД, со цел подготовка и изработка на структурирана рамка, која ќе ги опишува неопходните чекори, барања и функционални задачи за идна подготовка на единиците од Армијата за распоредување во мисии, операции и вежби, во согласност со националните и НАТО документи и процедури. ■



# Мисајловски – Пирс: Македонско-британската одбранбена соработка на највисоко ниво



Министерот за одбрана Владо Мисајловски се сретна со новата специјална претставничка на Обединетото Кралство за Западен Балкан, Карен Пирс, на која и се заблагодари за континуираната поддршка од страна на Обединетото Кралство за развојот на капацитетите на македонската армија.

„Нашите две држави имаат повеќедецениска интензивна одбранбена соработка која, особено по членството во НАТО, го достигна сиот свој потенцијал", рече Мисајловски и додаде дека сета оваа соработка значително ги зајакна врските помеѓу двете армии и нејзините припадници.

Министерот посочи дека одбраната и Армијата остануваат отворени за континуиран развој на соработката во секоја област – одбранбената политика, воената обука и едукација, јазичната обука и советодавната поддршка од Обединетото Кралство, која досега беше реализирана во повеќе наврати.

„Ние ќе продолжиме да бидеме близок партнер и силен сојузник на Северна Македонија во НАТО. Обединетото Кралство останува целосно посветено на зајакнување на стабилноста, безбедноста и економската соработка во регионот", изјави Карен Пирс.

На средбата во Министерството за одбрана присуствуваа и амбасадорот на Обединетото Кралство Метју Лосон и одбранбеното аташе, потполковникот Едвард Џон Грин. ■






# Меѓународен саем за одбрана и вооружување „DEFEA 25“

Началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, ја предводеше армиската делегација на Меѓународниот саем за одбрана и вооружување „DEFEA 25“, кој се одржа во Атина од 5 до 7 мај, на покана на началникот на Националната одбрана на Република Грција, генерал Димитриос Хупис. За време на посетата на Саемот, генералот Лафчиски и останатите членови на армиската делегација, имаа можност да погледнат дел од најновите достигнувања на полето на воена опрема и вооружување.

Посетата на Саемот е дел од активностите на Генералштабот, каде може да се видат можностите за модернизација на опремата со нови платформи, во согласност со потребите и приоритетите за развој на капацитетите и способностите на армијата.

Во рамки на посетата, генералот Лафчиски оствари средба со началникот на Националната одбрана на Република Грција, генералот Хупис, на која беше изразено уверување за продолжување на континуираната меѓуармиска соработка, особено во доменот на воената едукација, обука на специјалните сили, учество на вежби и меѓународни операции, како и продолжување на процесот на стандардизација во НАТО.

Генералот Лафчиски во оваа прилика изрази искрена благодарност за несебичната помош од страна на Република Грција, која веднаш ги понуди своите специјализирани капацитети за лицата на кои итно им беше потребен висококвалитетен медицински третман после пожарот кој се случи во Кочани. „Тоа претставува вистински одраз на солидарност и пријателство меѓу две соседни земји“, рече генералот Лафчиски. На саемот „DEFEA 25“, кој се реализира под покровителство на грчкото Министерство за национална одбрана, 436 изложувачи од 37 земји прикажаа дел од најновата и најсофистицирана воена опрема на конвенционални, поморски, воздухопловни, национални и сајбер-безбедносни одбранбени системи. ■





# 20 Мај, Денот на највисоката единица од доменот на логистиката во Армијата

Припадниците на Логистичката база (ЛБ) со воена свеченост во касарната „Илинден“ во Скопје го одбележаа 20 Мај, Денот на највисоката единица од доменот на логистиката во Армијата. По тој повод, пред присутните се обратија началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски и командантот на Логистичката база, полковник Мухарем Мухареми.

Началникот на Генералштабот на Армијата, честитајќи го Денот, истакна дека е горд на достигнувањата кои беа реализирани изминатиот период, потенцирајќи ја улогата на единицата во справувањето со последиците од пожарот во Кочани кој се случи на 16 март оваа година. Тој во оваа прилика им оддаде признание и на медицинските екипи, на персоналот од координативниот центар за поддршка на земјата домаќин и на сите останати припадници на единицата.

„Почитувани припадници на Логистичката база, вашите перформанси за време на споменатите задачи и активности уште еднаш докажаа дека логистичката извонредност не се однесува само на ресурсите, туку и на професионалноста, дисциплината и тимската работа“, додаде генералот Лафчиски во своето обраќање пред присутните.

Командантот на Логистичката база, полковник Мухарем Мухареми, во своето обраќање истакна дека Логистичката база изминативе години била активно посветена на исполнување на мисијата и задачите



преку континуирана и навремена поддршка. Тој се осврна и на колективот во ЛБ, нагласувајќи дека успешноста на извршувањето на задачите е во тимската работа и колективните капацитети. „Вашата посветеност, достигнатото ниво и воспоставените работни процедури се гарант за понатамошни позитивни остварувања“, наведе полковникот.

Во рамките на свеченоста по повод Денот на Логистичката база беа доделени повеќе стимулативни мерки. На свеченоста присуствуваа и директорот на ГШ, бригаден генерал Орце Јордев, командантот на Командата за операции, бригаден генерал Мирче Ѓоргоски, командантот на Командата за обука и доктрини, Лулзим Нуредини, командантот на 1. пешадиска бригада, бригаден генерал Дејан Чиплаковски, командантот на СЕЕБРИГ, бригаден генерал Билбил Битри, претставници од Министерството за одбрана и Генералштабот, пензионирани генерали, команданти на команди и единици на Армијата и други гости.

Со одлука на претседателот и врховен командант на Армијата, Логистичката база го прославува 20 Мај во спомен на денот кога во 1876 година започнало Разловечкото востание и првите логистички подготовки за неговото отпочнување. Основната мисија на Логистичката база е планирање, организирање, координирање и извршување логистичка поддршка на командите и единиците на Армијата. ■

# Реализирано подготвително гаѓање

Практичните содржини во обучувањето во Организацијата на резервните офицери на Република Северна Македонија (ОРОРСМ), во континуитет претставуваат приоритетни активности за кои постои нагласен интерес кај членството. Оттука, поради потребата од постојано усовршување на воените вештини во ракувањето со пешадиско оружје и во согласност со Упатството за гаѓање со овој вид оружје, на стрелиштето на Армијата „Долно Оризари“ во Велешкиот регион, на 5 април се реализираше еднодневна обука – Подготвително гаѓање со ПМ (М-72) 7,62 мм (единечна стрелба). На практичната обука учествуваа над стотина членови на Организацијата, од кои 96 извршители од тринаесет ООЕ на ОРОРСМ (Велес, Виница, Кочани, Битола, Демир Хисар, Прилеп, Кичево, Скопје, Тетово, Куманово, Свети Николе, Гевгелија и Валандово). За успешната реализација на оваа еднодневна обука, значаен е придонесот на Командата за обука и доктрини (КОД), која обезбеди целосна логистичка поддршка, чиј командант е бригадниот генерал Љулзим Нуредини. На гаѓањето, кое помина во најдобар ред и дисциплина, беа постигнати многу добри резултати, односно 16 резултати со „надминал стандард“ и 80 со „поминал“. Пред почетокот на гаѓањето присутните ги поздравија претседателот на Општинската организациона единица од Велес, Зоран Пановски и претседателот на ОРОРСМ, Драгољуб Столески, при што им посакаа успешно и безбедно гаѓање. Раководителот на гаѓањето, капетан Гоце Попов, ги запозна со мерките на безбедност, додека потпоручникот Кристијан Петров, помошник на раководителот на гаѓањето ги запозна со тактичко-техничките карактеристики на ПМ 7,62 мм. За време на гаѓањето учениците беа посетени и поздравени од командантот на касарната „Алексо Демниевски-Бауман", мајор Џунат Веџиоски, придружуван од капетанот Зоран Темов. Значајно е да се напомене дека гаѓањето помина во најдобар ред и дисциплина, како на стрелиштето така и во касарната, за што придонесоа резервните офицери со своето совесно однесување, како и раководителот на гаѓањето и дежурниот офицер, потполковник Сашко Кузманов. ■



# Оддадена почит

На 7 април оваа година во организација на Основната организациона единица на Организацијата на резервните офицери (ООЕ на ОРОРСМ) од Охрид, во с. Ливоишта, Охридско, се одбележа 26-годишнината од загинувањето на професионалниот војник Благојче Крстаноски, чие име го носи Охридската организациона единица, во знак на негова почит. По овој повод, делегација на ОРОРСМ предводена од претседателот, Драгољуб Столески и делегација на ООЕ на ОРОРСМ Охрид „Благојче Крстаноски“, предводена од претседателот, Митко Темелкоски, придружувани од членовите на Извршниот одбор, го посетија неговото вечно почивалиште каде што ОРОРСМ има поставено деветметарски јарбол и спомен-плочата во близина на основното училиште, поставена на селската чешма, исто така од ОРОРСМ. На овој достоинствен чин на чествување, пред присутните пригоден говор за животот и делото на Благојче Крстаноски одржа претседателот на ООЕ, Митко Темелкоски, а потоа во знак на почит, свежо цвеќе пред спомен-чешмата покрај делегациите на ОРОРСМ и ООЕ на ОРОРСМ Охрид „Благојче Крстаноски“, положија и претставници од Општина Охрид, блиски роднини и пријатели, членови на Сојузот на борци од Охрид и Дебарца и Здружението на ветерани и резервисти од одбраната и безбедноста. ■



# Редовна работна седница

Градската организациона единица на Скопје (ГОЕС) на 24 март во просториите на Организацијата на резервни офицери во Скопје ја одржа четвртата седница во текот на првото тримесечје за 2025 година. Седницата се одржа во проширен состав, а со истата раководеше претседателот, резервен потпоручник Никица Бангиева.

Значајно е да се напомене дека на седницата, по покана на Градската организациона единица присуствуваше и новоизбраниот претседател за периодот 2025 – 2029 година, Драгољуб Столески.

На седницата, присутните имаа можност подобро да се запознаат со новоизбраниот претседател на Организацијата, кој ги информираше за моменталната состојба во ОРОРСМ и ги запозна со неговите идеи и планови во текот на неговиот четиригодишен мандат. Членовите на ГОЕС срдечно го поздравија новоизбраниот претседател, му честитаа за изборот за претседател и воедно му изразија безрезервна поддршка. Притоа, членовите уште еднаш напоменаа дека и понатаму остануваат на нивниот став за цврста и компактна организација која оваа година на 29 април наврши 73 години од постоењето и оти ќе продолжат да дејствуваат против сите оние кои ќе се обидат да ја злоупотребат Организацијата за лични интереси или ако работат нечесно, самоволно и вон статутарно. ■





Пишува: Тони Мицевски




# „ABC 79M“ – амфибиски оклопен транспортер

*Амфибискиот оклопен транспортер „ABC 79M“ 4x4 бил произведен од страна на компанијата ROMARM за потребите на романската армија. Возилото претходно беше познато како „TABC 79“.*



Пишува: Идриз Идризоски

Романската армија е единствениот оператор на возилата „ABC 79M“. Во 1994 година Израел ја прими испораката на возило „ABC 79M“ за пробни цели, но никогаш не направи нарачки. Романската армија распореди возила „ABC 79M“ во Авганистан како поддршка на операцијата „Enduring Freedom “.

## Варијанти на амфибискиот оклопен транспортер „ABC 79M“

Варијантите на мисијата на „ABC 79M“ вклучуваат оклопен транспортер „TAB-C“,оклопен транспортер без купола „TABC-79M“, артилериско набљудувачко возило „TAB-79A PCOMA“, носач на минофрлачи „TAB-79AR“ од 82 мм, радиолошко и хемиско извидувачко возило „TAB RCH-84“,оклопно возило за спасување „TCG-80“,оклопен транспортер „AM 425“ и возило „ML-A95M„ со ракетен систем „земја-воздух“.

## Дизајн и карактеристики на 4×4 амфибискиот оклопен транспортер

Транспортерот „ABC 79“ е модифицирана верзија на оклопниот транспортер „TAB-77“ 8×8. Возилото од 9,2 тони има должина од 5,6 метри, ширина од 2,8 метри и висина од 2,3 метри. Амфибискиот оклопен транспортер „ABC 79M“ 4×4 е произведен од романската компанија „ROMARM“. Користи неколку вообичаени компоненти на оклопниот транспортер 8x8 „TAB-77“. Возилото може да носи три члена на екипажот и четири комплетно опремени војници. Во предниот дел од возилото се сместени возачот и командирот на левата и на десната страна, соодветно.

Двојното ветробранско стакло може брзо да се покрие со два оклопни капаци за време на борбени операции како дополнителна заштита.

Војниците можат да влегуваат и да излегуваат од возилото преку мали триаголни врати од двете страни на трупот, врати на задниот дел од возилото или еден отвор на покривот на десната страна од моторниот простор. На десната задна врата има отвор за пукање кој им овозможува на војниците да нишанат и да пукаат со своето вооружување од внатрешноста на возилото. Стандардната опрема вградена во возилото вклучува

систем за автоматско откривање и спречување пожар, систем за NBC-заштита, уреди за ноќно гледање и витло (чекрк), монтирано напред за самоизвлекување.

## Вооружување на „ABC 79M“ 4×4

На возилото се монтирани митралез „KPVT“ од 14,5 мм како основно вооружување и коаксијален митралез „PKT“ од 7,62 мм , кое е опремено со рачно управувана купола за еден човек на покривот. Тешкиот митралез „KPVT 14.5“ мм може да гаѓа лесни оклопни цели, вооружени системи и лесни засолништа во опсег до 3000 метри. Исто така, може да гаѓа воздушни цели на растојанија до 2000 метри.

Возилото може опционално да биде опремено со далечински управувана вооружена станица (RCWS-Remote Control Weapon Station), монтирана на покривот на куполата. Другите конфигурации на вооружување се инсталација за противтенковски ракетен фрлач и минофрлач од 81 мм или 82 мм.

**Набљудување** . Возачот и командирот на возилото се опремени со едноделни капаци за отворите. Возилото е опремено со четиридневни перископи за набљудување кои се поставени напред и странично.

Командирот има инфрацрвен рефлектор монтиран на покривот на возилото. Рефлекторот може да се управува од внатрешноста на возилото.

**Самозаштита**. Возилото има целосно заварен челичен труп. Возилото може да го заштити екипажот од оган од мало оружје до 20 мм и парчиња од гранати. Возилото „ABC 79M“ може да биде опремено со систем за заштита од NBC, како дел од стандардната опрема.

**Мотор**. Оклопниот транспортер „ABC 79M“ е напојуван од турбо дизел-мотор од типот „Euro 3“, монтиран на задниот дел од возилото. Моторот, поврзан со механички или автоматски менувач (пет брзини напред и една за назад), развива моќност од 160 КС. Предгревачот на моторот на возилото




му овозможува на моторот да стартува и да работи во различни временски услови како многу студена клима.

**Мобилност**. „ABC 79“ е целосно амфибиски возило и за него е потребно мала подготовка: еден пропелер (water-jet) сместен во задниот дел го движи возилото во водата .Единствената подготовка потребна пред влегување во вода е вклучување на пумпите за издувни гасови и подигнување на трим-лопатката од страна на возачот. Таа се повлекува и се кладира на најпредниот наклонет дел од трупот на возилото кога се движи по копно.

„ABC 79“ е модифицирана верзија на оклопниот транспортер „TAB-77 8×8.“ Централниот систем за регулирање на притисокот во гумите му овозможува на возачот да го приспособи притисокот во гумите од седиштето за време на движењето на возилото.Возилото има максимална брзина од 95 км/ч и опсег од 700 км. Може да се справи со максимален наклон од 32° и максимален страничен наклон од 28°.

Единствен оператор на овие оклопни возила е романската армија. Останати варијанти на ова возило се следните:

„TAB-79A PCOMA“: артилериско набљудувачки возило,

„TAB-79AR“: самооден 82 мм минофрлач монтиран во возилото,

„TAB RCH-84“: Возило за радиолошко и хемиско извидување (транспортерот има систем за обележување на безбедни патишта низ контаминираните области со знаменца),

„AM 425“: најнова верзија на возилото со нова шасија. ■

| Останатите спецификации на оклопното возило „ABC 79M“ се: | |
|---|---|
| Тип на возило: | Оклопен транспортер APC |
| Производител: | ROMARM; |
| Оператор: | Романската армија |
| Должина: | 5,6 метри; |
| Широчина: | 2,8 метри; |
| Висина: | 2,3 метри; |
| Борбена | тежина: 9200 кг; |
| Посада: | 4 + 3; |
| Вооружување: | 4,5 мм KPVT HMG и митралез 7,62 мм PKT; |
| Мотор: | Euro 3 type turbocharged diesel, 160 hp; |
| Автономија на опсег: | 700 km; |
| Максимална брзина на пат: | 95 km/h; |
| Совладување водени препреки: | Амфибиско; |
| Совладување на наклон: | 32°; |
| Совладување на страничен наклон: | 28°; |

# Снајперска пушка „SSG 69“

Кратенката на пушката „SSG 69“ е добиена од зборот Scharfschützengewehr 69 (во превод снајперска пушка 69). Основна намена на снајперската пушка е прецизно дејство за уништување на непријателска жива сила, односно важни поединечни (неподвижни, моментни, подвижни) и маскирани живи цели на големи далечини. Пушката е развиена од Steyr Mannlich. Кога во 1969 година била воведена во употреба пушката „SSG 69“, во споредба со тогашните снајперски пушки била значајно пред своето време, благодарени на користењето синтетички материјали во изработката, според начинот на изработка на металните делови и малата тежина. Исто така, пушката се докажала како многу прецизна, можела да постигне прецизност од 0.5 MOA. Според механизмот на дејствување пушката припаѓа во класата на рачни репетирки, чиј затворач се забравува со ротирање. Основни делови на пушката „SSG 69“ се: метален сандак со цевката (со преден и заден нишан), затворач, чкрапало со неговиот механизам, мануелна кочница, рамка за муниција и кундак. Од синтетичкиот материјал наречен ABS Cycolac е изработено телото на пушката (кундакот) и штитникот на чкрапалото, а стандардната рамка за муниција е изработена од поликарбонат пластика, а задниот дел е проsирен, со цел лесно утврдување колку куршуми поседува. Од метал се изработува затворачот со неговиот механизам, чкрапалото со неговиот механизам, сандакот и цевката со механичките нишани. За да се заштитат од атмосферски влијанија, металните делови имаат паркеризиран финиш. Цевката на пушката се изработува со ладно ковање на металот, што придонесува за надворешно и внатрешно зацврстување. Внатрешно, цевката поседува 4 жлебови со десен од на ротација, чиј круг се затвора на 304.8 mm. Механичкиот преден и заден нишан на цевката се секундарни нишани, а како примарен нишан се користи оптички нишан. Сандакот на пушката на горниот дел има два должни жлебови наменти за прифаќање на држачите од оптичкиот нишан Kahles ZFM 6x42 Z. По желба на корисникот може да се постават и други дневни и ноќни оптички нишани. За да се овозможи брзо репетирање, затворачот на пушката поседува рачка за репетирање која се движи само 60 степени (горе/доле), а пред рачката се поставени три пара мали метални брадавици за забравување на затворачот кои забравуваат во сандакот. Механизмот на чкрапалото е проектиран да овозможи приспособување на силата и на должината на повлекување на чкрапалото. Пушката поседува и мануелна кочница со лозгачки лост. Кога лостот е поставен напред, пушката е откочена (се гледа црвена точка), а кога лостот




### Пресек на „SSG 69“

1. Гумени влошки за приспособување на должината од кундакот кои се отстрануваат.
2. Оптички нишан Kahles ZFM 6x42 Z.
3. Рачка за репетирање.
4. Фиксатори на оптичкиот нишан на сандакот од пушката.
5. Заден механички нишан.
6. Цевка.
7. Преден механички нишан.
8. Алка за закачување на ременот за носење.
9. Преден ракофат.





Пишува: Ивица Дамески






е поставен назад, пушката е закочена (се гледа бела точка). Освен стандардната пластична рамка за муниција со 5 куршуми со ротирачки механизам, пушката може да користи и метална дворедна рамка за муниција со капацитет од 10 куршуми. Но, за да користи метална рамка за муниција од 10 куршуми, прво треба да се замени долното куќиште за прифаќање на рамката за муниција. По желба на корисникот, на предниот долен дел од пушката можат да се поставаат лесно приспособливи бипод-ногарки марка „Harris". Основното расклопување на пушката за редовно одржување и чистење е едноставно и брзо и притоа не е потребен алат. Основна верзија на пушката е „SSG 69 PI", од која се развиени верзиите „SSG 69 PII" и „SSG 69 PIV". Моделот „SSG 69 PII" е подобрена верзија со потешка цевка, приспособена за безбедносните сили. Понудена е во три различни калибри за користење на муницијите НАТО 7,62x51 mm (.308 Winchester), .243 Winchester и .22-250 Remington. Ова верзија на цевката нема механички нишани. Моделот „SSG 69 PIV" ја користи НАТО муницијата 7,62x51 mm и дизајниран е да прифати придушувач на звук. Поседува пократка цевка (од 409 mm) и може да користи потешка субсонична муниција. Пушката се користи или била користена во околу 22 држави во светот, од различни безбедносни служби, полиции и армии. ■

10. Ударна игла со нејзината пружина.
11. Рамка за муниција со 5 куршуми со ротирачки механизам.
12. Затворач.
13. Механизам на чкрапалото.
14. Чкрапало.
15. Штитник на чкрапалото.
16. Лост на мануелната кочница.
17. Заден ракофат.
18. Кундак, изработен од пластика ABS Cycolac.

| Тактичко-технички карактеристики на „SSG 69" | |
|---|---|
| Калибар/муниција | 7.62 mm NATO (7.62x51 mm) |
| Должина | 1.140 mm |
| Должина на цевката | 650 mm |
| Височина без оптички нишан | 182 mm |
| Височина со оптички нишан | 221 mm |
| Широчина | 71 mm |
| Тежина со празна рамка за муниција без оптички нишан | 4.05 kg |
| Тежина со празна рамка за муниција и оптички нишан | 4.67 kg |
| Брзина на проектилот | 860 m/s |
| Ефикасен дострел | 800 m |
| Максимален дострел | 3.700 m |
| Капацитет на рамката за муниција | 5 куршуми |



# Нова муниција за нови закани: Куршумот „Duplex“ 7.62×54ммR



д-р Александар Петровски, потполковник



## Вовед

Модерното војување многу брзо се менува, а на бојното поле доминираат брзи, тешко видливи и мобилни цели како беспилотни летала (дронови), лесно оклопни (заштитени) возила и подвижни пешадиски формации. Во такви услови, класичните типови на муниција сè почесто покажуваат ограничувања во прецизноста, брзината на реакција и огнената моќ. Одговорот на овие предизвици доаѓа од рускиот воеоиндустриски комплекс, кој разви иновативен куршум „Duplex“ од типот 7.62×54ммR, со цел зголемување на ефикасноста при борбени дејства, особено против мали и подвижни цели.

## Технолошки концепт и примена

„Duplex“ муницијата претставува двојна балистичка конфигурација: со еден истрел се испраќаат два куршуми – еден главен и еден секундарен, при што двата се поставени еден зад друг во чаурата. По истрелувањето, тие патуваат со мала временска и просторна разлика, што резултира со поголема веројатност за погодок, особено кога целта е во движење.

Оваа конфигурација се базира на принципот на огнена заситеност со минимална потрошувачка, без потреба од зголемување на темпото на истрели. Куршумот „Duplex“ се користи во стандардни снајперски и полуавтоматски пушки, без потреба од модификации,

што го прави особено корисен во услови на терен.

Клучните тактички придобивки вклучуваат:

- зголемена веројатност за погодок, особено на 100–400 метри;
- поголема густина на проектили во иста временска рамка;
- подобра ефикасност против брзи и непредвидливи цели, вклучително и нисколетечки дронови;
- намалување на бројот на потребни истрели за неутрализирање на заканата.

Овој графикон покажува споредба меѓу стандардни и „Duplex“ куршуми во однос на успешноста на погодок при различни растојанија. „Duple“ конфигурацијата дава значително подобри резултати – на 300 метри, веројатноста се зголемува од 35% на 52%. Ова е особено значајно во тактички ситуации каде само секунда и еден истрел прават разлика меѓу успех и неуспех.

Овој графикон илустрира дека „Duplex“ куршумот создава повеќе балистички ефекти по истрел во однос на стандардниот куршум. Еден истрел со овој куршум носи речиси двојно повеќе потенцијал за нанесување штета, што значи дека борецот има поголема ефективност со иста количина на муниција.




*Слика бр. 1 Веројатност за погодок според растојание*




*Слика бр. 2 Огнена моќност по број на истрели*

## Заклучок

Развојот на „Duplex“ муницијата од типот 7.62×54ммR претставува инженерска и тактичка иновација со реална примена на модерното бојно поле. Овој тип муниција одговара на динамичните услови на новите борбени сценарија каде брзината, агилноста и ефективноста се од суштинско значење.

„Duplex“ муницијата има поголема веројатност за погодок и зголемена огнена моќ по истрел, така што овозможува поефикасна борба против мали цели и летала, без зголемување на логистичките барања. Потенцијалната примена вклучува антитерористички мисии, градска борба, одбрана од дронови и операции со ограничени ресурси, каде секој истрел мора да биде максимално ефикасен.

Овој концепт покажува дека иновативноста во дизајнот на муницијата може да има исто толкаво значење како и новите оружја и дека таквите решенија се клучни за да се задржи борбената предност во 21 век. ■





# „INMARSAT“ – САТЕЛИТСКА КОМУНИКАЦИЈА ВО ТАКТИЧКИТЕ И ОПЕРАТИВНИТЕ ЕДИНИЦИ



м-р Реџеп Мустафовски

„Inmarsat“ е водечки глобален провајдер на мобилни сателитски комуникации кој обезбедува доверливи и сигурни врски, дури и во најоддалечените и најнепристапните области. Системите за сателитска комуникација на „Inmarsat“ се од витално значење за тактичките и оперативните единици, особено за воените и спасувачките операции каде што не се достапни традиционалните комуникациски системи.

## Опис и можности на системот:

„Inmarsat“-сателитската комуникација нуди глобално покривање и постојано достапен пристап до критични комуникации, овозможувајќи тимовите на теренот да одржат комуникациски врски, дури и во екстремни услови. Сателитските услуги обезбедуваат пренос на глас, податоци и видео во реално време, што овозможува брзо споделување на информации меѓу командниот центар и единиците на терен.

**Можностите вклучуваат:**

- ***Далечинска комуникација:*** Обезбедува сигурна комуникација во оддалечени области каде што нема мобилни или радиомрежи.
- ***Безбедни врски:*** Нуди шифрирани комуникации за заштита од непријателски пресретнувања.
- ***Глобално покривање:*** Поддржува операции во најоддалечените делови на светот, вклучувајќи планински области, пустини и океани.
- ***Отпорност на пречки:*** Одржува стабилност во комуникациите, дури и во сурови временски услови или при напади врз локалните инфраструктури.

## Употреба во тактичките и оперативните единици:

„Inmarsat“-сателитските системи се клучни во борбени операции, како и во операции за помош при катастрофи или извиднички мисии каде што комуникацијата мора да биде сигурна, постојана и безбедна. Командните

структури можат да комуницираат со единиците на терен, да споделуваат видео во живо, да ја координираат тактиката и да испраќаат наредби без одложување.

**Во борбени операции, сателитската комуникација овозможува единиците да можат:**

- ***да координираат напади и дефанзивни операции*** со висока прецизност;
- ***да пренесуваат разузнавачки податоци*** и да ги споделуваат со сојузничките сили во реално време;
- ***да обезбедат логистичка поддршка*** преку сателитско поврзување со командните центри.

## Тактичко-технички карактеристики на „Inmarsat“-сателитски систем

Во табелата се дадени клучни податоци за „Inmarsat“-сателитскиот систем, кој е важен за обезбедување на сигурна и глобална комуникација во тактички и оперативни единици. Овој систем нуди широк фреквенциски опсег, брзина на пренос на податоци и AES-256 шифрирање за заштитена комуникација. Терминалите се лесни, отпорни на временски влијанија и обезбедуваат брза активација, што е од витално значење во борбени и спасувачки операции. Со глобално покривање и различни можности за пренос на глас, податоци и видео, системот го зголемува оперативниот капацитет на единиците.

## Важноста на сателитските комуникации во борбени операции:

„Inmarsat“-сателитските системи играат клучна улога во зголемувањето на борбената готовност и оперативност на тактичките и оперативните единици. Во ситуации каде што традиционалните комуникациски системи се непостојани, сателитската комуникација обезбедува сигурна врска помеѓу командните центри и единиците на терен. Ова овозможува:




| Карактеристики | Опис |
| --- | --- |
| Фреквенциски опсег | L-Band (1.5 - 1.6 GHz) и Ka-Band (26.5 - 40 GHz) |
| Брзина на пренос на податоци | До 492 Kbps за BGAN системите и до 50 Mbps за Global Xpress (GX) |
| Глобална покриеност | 100% глобална покриеност, освен поларните региони |
| Шифрирање на податоци | AES-256 или понапредно шифрирање за воени апликации |
| Тежина на терминалите | Од 1.6 кг (преносни терминали) до 20 кг (фиксни терминали) |
| Работна температура | Од -20°C до +55°C |
| Време за активирање | Под 1 минута за мобилни терминали |
| Потрошувачка на енергија | Мобилни терминали: <150 W |
| Поддржани услуги | Глас, податоци, видео, текст, интернет пристап |
| Отпорност на атмосферски влијанија | Отпорни на дожд, песок, прашина и вибрации (MIL-STD-810G) |
| Интерфејси за поврзување | Ethernet, Wi-Fi, USB, аудио, серијален приклучок |

*Табела бр.1 Тактичко-технички карактеристики на „Inmarsat“-сателитскиот систем*

– ***брза размена на информации*** за тековни операции;

– ***координација на сојузничките сили*** за извршување на комплицирани тактички маневри;

– ***следење на напредокот и поставување нови наредби*** во реално време, што ја зголемува ефикасноста на операциите. Сигурната комуникација е од витално значење за успехот на критичните мисии, а „Inmarsat“ ги обезбедува неопходните врски за успешна реализација на секоја задача, без оглед на локацијата или условите. ■



# Командирот на одделение: Клучна алка во обуката и војувањето



Пишува: главен наредник Горан Ќирковиќ

Во сложената структура на современите воени операции, командирот на одделение зазема критична позиција, претставувајќи витална врска помеѓу повисоките команди и војниците на фронтот. Ефективноста на секоја воена единица зависи од способноста на командирот на одделение да ги води, да ги обучува и да ги инспирира своите подредени. Оваа улога се манифестира преку лидерство, професионализам, менторство и разбирање на личниот живот на војниците. Со совладување на овие аспекти, командирот на одделение ја обезбедува подготвеноста и кохезијата на сопствената единица, што на крајот придонесува за успехот на мисијата.

## Лидерство – основа на командувањето

Командирот на одделение мора да има развиено силни лидерски квалитети за ефективно да ги води војниците. Лидерството во војската не е само авторитет, туку претставува служба, следење и водство ориентирано кон мисијата.

Лидерство ориентирано кон подредените: Командирот на одделение мора да води со пример, давајќи им приоритет на благосостојбата и развојот на неговите војници. Тој гарантира дека неговите подредени ги имаат ресурсите, обуката и моралот, кои се неопходни за ефикасно извршување на мисиите. Тој се грижи секоја индивидуа во неговото одделение да биде обучена на највисоко ниво, воедно обезбедувајќи таа обученост да биде имплементирана во колективната подготвеност на одделението. Негувајќи ја културата на меѓусебно почитување и доверба, командирот на одделение создава кохезивна, обучена и мотивирана единица.

Субординација: Лидерството е неразделно од следбеникот. Командирот на одделение мора да биде дисциплиниран и доверлив подреден, кој ги извршува наредбите од командирот на водот, истовремено обезбедувајќи наредбите да се преточени во задачи за одделението. Демонстрирајќи лојалност и приспособливост, командирот на одделение го зајакнува ланецот на командување и оперативната ефикасност.

Лидерство за време на извршување

на „Mission command“: Во борбени услови, односно при извршување на задачи ориентирани кон мисијата, командирите на одделение мора да спроведуваат иницијатива и одлучување под притисок. Тие мора брзо да ги проценат ситуациите, да донесат добри тактички одлуки, да влеваат доверба кај своите војници, а воедно да имаат и целосна поддршка од претпоставените. Ефективното лидерство бара рамнотежа на тактичко предвидување и приспособливост во реално време, за да се обезбеди успех и безбедност на единицата.

## Професионализам и стручност во војувањето

Командирот на одделение е одговорен да се погрижи неговата единица да ги исполнува највисоките стандарди за борбена готовност. Ова бара детаљно познавање на воените тактики, вооружувањето и оперативните процедури.

Тактичко знаење: Командирот на одделение ги знае и ги применува



тактиките на малите единици, вклучувајќи маневрирање, маскирање, прикривање и координирани напади. Неговата способност ефективно да ги извршува овие принципи може да значи разлика помеѓу успехот и неуспехот на мисијата.

Експерт со оружјето и опремата: Командирот на одделение ги познава и е експерт во ракувањето со сите видови оружје и опрема што ја има единицата, Разбирањето на можностите и ограничувањата на оружјето и опремата на одделението обезбедува оперативна ефикасност. Во процесот на обука и оценување командирот мора да биде сигурен дека војниците се оспособени за употреба и одржување на целокупното оружје и опрема со која располага одделението.

## Мотиватор, ментор и советник

Надвор од тактичката експертиза, командирот на одделение служи како мотиватор, ментор и советник. Неговата способност да ги инспирира и да ги води војниците е клучна за одржување на моралот и дисциплината.

Мотиватор: Способноста да се охрабруваат војниците, дури и во најпредизвикувачки околности, е од суштинско значење. Командирот на одделение мора да ги препознае индивидуалните и колективните достигнувања, негувајќи култура на упорност и беспрекорност во обуката и извршувањето на задачите.

Ментор: Војниците бараат упатства за професионален раст и личен развој кај нивниот командир на одделение. Со поставување на високи стандарди и обезбедување на конструктивна повратна информација, командирот на одделение гарантира дека војниците напредуваат во нивните кариери и ги подобруваат своите вештини.

Советник: Покрај обуката, командирот на одделение на своите подредени им нуди совети за воена кариера, лични предизвици и решавање на конфликти во единицата. Неговата улога во обликувањето на личниот и професионалниот раст на војниците ја зајакнува кохезијата на единицата.

## Познавање на личните животи на војниците

Често занемарен аспект на улогата на командирот на одделение е неговото разбирање за личниот живот на војниците од одделението. Војниците не се само борци, тие се поединци со семејства, аспирации и предизвици надвор од службата. Командирот на одделение е личност која ги познава сите војници од одделението, нивните семејства, навики, афинитети и проблеми.

Разбирање на личните тешкотии: Командирот на одделение, кој е свесен за личните потешкотии на војникот, без разлика дали се финансиски, емоционални или семејни, може да понуди поддршка и совет. Ова помага во обезбедувањето на менталната благосостојба на војникот и за оперативната ефикасност.

Урамнотежување на професионалните и личните потреби: Со поттикнување на средина за поддршка, командирот на одделение обезбедува војниците да останат фокусирани на нивните должности, без личните проблеми да ја нарушат подготвеноста на единицата. Тимот кој работи со доверба и транспарентност е посилен. Покажувајќи искрена грижа за благосостојбата на своите војници, командирот на одделение негува чувство на лојалност и посветеност.

Командирот на одделение претставува незаменлива алка во воената обука и војувањето, премостувајќи ги стратешките цели со извршувањето на фронтот. Неговото лидерство, професионализам, менторство и личен ангажман со војниците се клучни за одржување на ефективна и еластична единица. Со совладување на овие квалитети, командирот на одделение, не само што обезбедува успех на мисијата, туку и гради силен, мотивиран и кохезивен тим, способен да го надмине секој предизвик на бојното поле. ■



# КОМАНДА ЗА ЕВРОПСКИ ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ
# European Air Transport Command –EATC



Пишува: полковник Драган Павловски

Командата за европски воздушен сообраќај е единствена мултинационална команда од ваков тип, конзорциум од седум земји членки на Европската Унија (Холандија, Белгија, Франција, Германија, Луксембург, Шпанија и Италија). Нејзиното седиште се наоѓа во воздухопловната база „Ајндховен“ во Холандија. Командата има богато и разновидно портфолио со повеќе од 170 воени средства (транспортни авиони, не и хеликоптери) лоцирани во 13 национални воздушни бази. Командата ја презема оперативната контрола на поголемиот дел од воените товарни авиони од земјите учеснички, а најголем дел од флотата се авионите од следните компании: „Airbus“ (во иднина и целиот арсенал од „Airbus A400M“), „Alenia“, „Spartan“, „Boeing“, „Casa“, „Dassault“, „Transall“ и „Lockheed“. До 2025 година, земјите од Командата за европски воздушен сообраќај ќе бидат главните снабдувачи во Европа на модерна транспортна флота со повеќе од 100 воздухоплови „A400M“, 30 воздухоплови „C130J“, повеќе од 20 воздухоплови „A330 Multi Role Tanker Transport“ (MRTT) и „KC-767“. Оваа бројка на воздухоплови од типот „A400M“, во голема мера ќе ги подобри севкупните стратешки и тактички способности на Командата.

Примарна мисија на Командата е да обезбеди решенија за воздушна мобилност во доменот на: воздушниот транспорт, надополнување гориво во воздушниот простор (воздух-воздух) и аеромедицинска евакуација. Во 1999 година Франција и Германија започнаа политичко-воена иницијатива за формирање европска команда за воздушен транспорт. Во заклучоците од состанокот на Европскиот совет во Хелсинки истата година, се споменува изразената волја на земјите членки на Унијата да развијат колективни цели за брза способност, вклучително и во областа на стратешкиот транспорт.

Во последната деценија, брзото распоредување на војници односно брзата испорака на стоки на далечни дестинации во операции чувствителни на факторот време, беа одлучувачки побарувања за успехот на овие операции. Воздушната мобилност е клучен фактор во брза проекција на воената моќ и станува сè поважна во денешното безбедносно опкружување. И покрај многуте предизвици, Командата за европски воздушен сообраќај докажа дека е способна брзо и ефикасно да распоредува и прераспоредува сили насекаде во светот (ефикасна воздушна мобилност).

## ОСНОВАЊЕ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ

Идејата за формирање Команда за европски воздушен сообраќај потекнува од двете движечки страни, Франција и Германија, како резултат на цврстата билатерална соработка во полето на воздушниот транспорт. Бидејќи НАТО и ЕУ идентификувале недостатоци во доменот на стратешкиот транспорт, со текот на годините биле развиени иницијативи насочени кон највисок степен на соработка во мултинационална командна структура која има оперативна и функционална власт. На Седмиот француско-германски министерски совет на 12 октомври 2006

година, било одлучено да се создаде заедничка стратешка команда за воздушен транспорт. Другите земји членки (Белгија, Шпанија, Обединетото Кралство, Италија, Холандија и Норвешка) биле поканети да се приклучат, а само Белгија и Холандија го направиле тоа со потпишување Нота за пристапување.
Основните правила за функционирање на командата биле поставени на 1 септември 2010 година, а седиштето е инаугурирано во воздухопловната база „Ајндховен" од страна на четирите основачки членки: Холандија, Белгија, Франција и Германија. Луксембург се приклучил во Командата во 2012 година, а Шпанија и Италија во 2014 година.
Командата за европски воздушен сообраќај командува и контролира помеѓу 8.500 и 9.500 мисии годишно. Како статистичка анализа, од 2010 година околу 110.000 мисии во име на земјите членки биле реализирани ширум светот (на база на подготвеност за извршување на задачите 24/7/365).
Својата визија ја потпира на изнаоѓање ефективни решенија за здружување и споделување на способностите, со флексибилност и со можност за размена на човечките ресурси, за да ги усогласи процесите и да ја олесни интероперабилноста. Од јануари 2015 година, комбинираната флота претставува 75% од европскиот капацитет за воздушен транспорт. Командата за европски воздушен сообраќај, исто така носи ограничена одговорност за вежби, обука на воздушниот екипаж и усогласување на релевантните национални прописи за воздушен транспорт.
Клучот за успехот на Командата за европски воздушен сообраќај е довербата стекната од земјите членки. Односот помеѓу партнерите е заснован на иновативен бизнис-модел, каде што нациите и даваат овластување на Командата за назначените средства (пренос на овластување). Односот помеѓу ЕАТС и земјите членки е заснован на добро осмислен бизнис-модел каде што нациите имаат флексибилност на условено делегирање на овластувања. Од друга страна, тие можат да го отповикаат овој трансфер на овластувања во секој момент и да ги заштитат националните интереси.

## СТРУКТУРА

Иако седумте земји членки делат заеднички мултинационален буџет и работна сила, оваа команда не е независно тело кое управува со доделените средства. Таа е интегрирана во националните командни структури, а персоналот кој работи во Командата е врска со националните воздухопловни сили. Сите земји членки на Командата за европски воздушен сообраќај, исто така се и членки на Координативниот центар на движење во Европа.
Командата за европски воздушен сообраќај поседува различна мултинационална флота која се состои од повеќе од 170 средства, пренесени во надлежност на Командата од страна на седумте земји членки. Овие средства се стационирани во националните бази на земјите членки, со различни типови на авиони, поделени на неколку флоти. Покрај тоа, некои од нив имаат способност за воздушно надополнување гориво. Токму оваа разновидност на мултинационалната флота и дава на Командата единствена флексибилност и можност да ги оптимизира мисиите и да ја подобри потребната ефикасност и ефективност. Благодарение на интегрираниот персонал, Командата се справува и со целосниот процес на планирање и поставување задачи во мирно време и во време на криза.
Поврзувањето на седум флоти во една мултинационална компанија сигурно било предизвик, но и можност за заеднички регулаторни рамки, еден заеднички сет на правила и прописи, споделени научени лекции, интероперабилност, размена на мислења и, како крајна цел, реализација на заеднички операции во интерес на нациите.
Седумте земји членки управуваат со своите средства за воена воздушна мобилност под една единствена команда, споделуваат способности за воздушна мобилност и тренираат заедно во мултинационални средини.
Мултинационалниот комитет за воздушен транспорт е највисоко ниво на одлучување, во чиј состав се команданти на воените воздухопловства на земјите членки. Претседавачот се избира од нивните редови со мандат од две години. На 4 септември 2023 година за командант е поставен француски генерал, кој ја презеде Командата за европски воздушен сообраќај.
Заменик-командантот на Командата ротира на тригодишна основа. Во рамките на Комитетот постои Советодавна група, која се состанува на редовна основа и е составена од претставници на секоја земја членка.
Групата ги подготвува состаноците на Комитетот и го советува командантот на Командата за европски воздушен сообраќај за спроведувањето на политиката. Може да се формираат и експертски групи на ад хок-основа, а сите тие ја известуваат Советодавната група. Исто така, постои Комитет за буџет и финансии, со по еден претставник од секоја земја членка.
Комитетот го подготвува буџетот на Командата за европски воздушен сообраќај и го советува Мултинационалниот комитет за воздушен транспорт за сите буџетски и финансиски прашања. На сите нивоа, одлуките се донесуваат со консензус. ■





# Мировно решение на турско-курдскиот конфликт



Пишува: д-р Ненад Танески

Дали се гледа крајот на еден од најсложените конфликти на Блискиот Исток? Половина век курдските милитанти се борат против Турција за независност во југоисточниот дел на земјата, регион кој главно е населен со етнички Курди. Конфликтот досега однесе повеќе од 40.000 животи и се прошири надвор од границите на Турција во Иран, во Ирак и во Сирија. Курдите сочинуваат околу 10% од населението на Сирија, 19% од населението на Турција, 15-20% од Ирак и се трети по бројност со 10% во Иран. Курдите се етничка малцинска група која главно е населена во планинските области кои се протегаат низ јужните делови на Турција, северните делови на Ирак и Сирија, северен Иран и дел од Ерменија. Иако тие се малцинство, всушност, има околу 25 до 30 милиони Курди кои живеат во регионот и сите тие имаат заедничка култура и курдски јазик. Повеќето Курди се сунитски муслимани.

Во февруари 2025 година, Абдула Оџалан, водачот на Курдистанската работничка партија (ПКК), којшто е во затвор, презема историската одговорност и ги повика нејзините членови да го положат оружјето и да ја распуштат групата, што може да стави крај на повеќедецениskiот конфликт со Турција. Тој истакна дека повеќе од илјада години турските и курдските односи беа дефинирани во смисла на меѓусебна соработка и сојуз, а во последните 200 години тој сојуз беше нарушен. Според него нема друга алтернатива освен демократскиот консензус како начин

во потрагата за подобар политички систем. Голем дел од конфликтот се фокусираше на желбата на групата да воспостави независна курдска држава во југоисточниот дел на земјата, а последниве години Курдистанската работничка партија излезе со барање за поголема автономија во Турција. Како дополнување на добрата волја за постигнување на курдско-турскиот мир, необична беше поканата на екстремно десничарските пратеници, сојузници на турскиот претседател Реџеп Таип Ердоган, водачот на ПКК да дојде во парламентот и да изјави дека го положиле оружјето. Курдскиот народ има комплициран однос со Ердоган. Турскиот лидер изминативе години им дозволи повеќе права и ги укина ограничувањата за употребата на нивниот јазик.

Оџалан упати сличен повик до своите следбеници пред една деценија, но во 2013 година мировниот процес набрзо пропадна, заврши двегодишниот прекин на огнот, а тензиите повторно се разгореа, повлекувајќи ги Турција и ПКК повторно во крвава војна. Во јули 2015 година, прекинот на огнот долг две и пол години беше прекинат, борбата на Турција против милитантите на Курдистанската работничка партија – призната како терористичка организација од Турција, САД и Европската Унија – влезе во едно од најсмртоносните поглавја. Оттогаш конфликтот напредуваше низ неколку фази. Во перидот од 2015 до 2017 година насилството ги опустоши курдските мнозински заедници - урбани центри на југоистокот на Турција. Воените активности на Турција во северна Сирија можат да се спротивстават на територијални придобивки и појава на автономна зона долж границата меѓу Турција и Сирија, постигнати од сирискиот огранок на ПКК. Овие случувања укажуваат на проширување на јазот помеѓу турскиот и курдскиот национализам по колапсот на процесот на помирување во средината на 2015 година. Од 2017 година наваму, борбите се префрлија во руралните области на југоисточниот дел на Турција. Како што турската војска ги протеруваше милитантите надвор од Турција, во 2019 година борбите се префрлија во северен Ирак и во северна Сирија.



Одредени аналитичари сметаат дека долгите години борба ја исцрпеа и ја ослабнаа ПКК, што му даде предност на Ердоган да искористи можност да го прекине конфликтот под негови услови, на начин што ќе обезбеди на крај Турција да излезе како победник. Во периодот што следи ќе видиме дали Ердоган спроведува двојна стратегија преку која не го намалува воениот притисок, а истовремено врши и политички маневар со порака за безусловно одлагање на оружјето од страна на ПКК, или во спротивно последиците ќе бидат уште пожестоки борби. Но, допрва треба да се види какви отстапки (и дали воопшто ќе ги има) за возврат е подготвена да направи владата на Ердоган во однос на турските Курди.

Постапката на лидерот на ПКК, исто така, може да има далекусежни регионални импликации, особено во





Сирија, каде што курдската милиција поврзана со ПКК наречена Единици за заштита на народот, ја претставува основата на Сириските демократски сили, поддржани од западните сојузници во борбата против терористичката организација „Исламска држава". Времето ќе ни покаже како повикот за мир на Оџалан ќе одекне помеѓу курдските милитанти во Сирија и во Ирак. Од друга страна, командантот на Сириските демократски сили изјави дека повикот да се остави оружјето е порака за герилците на ПКК во Турција, а не за милитантите во регионот на североисточна Сирија. Сепак, доколку се постигне мир во Турција, тоа ќе има позитивно влијание и врз североисточна Сирија. Портпаролот на Сириските единици за заштита на народот ја пофали историската порака на Оџалан, изјавувајќи дека тоа ќе биде позитивен чекор во интерес на сите од регионот: на курдскиот народ, на Турците, на Ерменците и на сите други заедници кои живеат на Блискиот Исток. Секако дека оваа порака ќе има значителни ефекти, а особено врз нерешените кризи во регионот. Оваа порака треба да биде пример за решавање на актуелните крвави конфликти, особено во Сирија, која што влегува во една нова фаза, тековните конфликти да се решаваат со дијалог и сите луѓе во регионот подеднакво да ги уживаат своите права. Новиот сириски лидер, претседателот Ахмед ал Шара, ги повика сите вооружени фракции во земјата, вклучително и Единиците за заштита на народот, да се интегрираат во националната армија, потег што го поддржува и Турција.

Промената на сојузите во Сирија (пример е неодамнешниот договор помеѓу Сириските демократски сили предводени од Курдите и сириската влада), потврдува дека пораката на Оџалан не е изолирана или само домашна, туку нуди можност што може да редефинира сè, од безбедносните политики на Турција до идното позиционирање на курдските актери, обликувајќи ја следната фаза на регионалната динамична моќ.

Оџалан ја основал ПКК во 1978 година како Курдска сепаратистичка група во Турција, дел од поголемото сепаратистичко движење на Курдите низ регионот. Насилството се разгорело во август 1984 година кога борците од ПКК убиле двајца турски војници. Како што минуваа годините и се зголемуваше бројот на загинати, ПКК се покажа како милитантно крило на регионалната етничка борба за продолжување на курдската култура. Курдите се најголемото малцинство во Турција, сочинуваат меѓу 15 и 20 отсто од населението. Според Меѓународната група за права на малцинствата, тие имаат значително присуство и во северна Сирија, во северен Ирак и во Иран. Оџалан беше уапсен во 1999 година во Кенија од страна на турските власти. Курдскиот водач беше осуден во Турција на доживотен затвор за предавство, а со годините беше единствениот затвореник во затворот Имрали, јужно од Мраморното Море. Оттогаш тој има ограничен контакт со надворешниот свет, но во изминатиот период, најмалку три делегации го посетиле во затворот. Ако неговите следбеници го послушаат неговиот повик, тоа ќе означи пресвртница за Турција и ќе има далекусежни импликации за Блискиот Исток.

Претседателот Ердоган, кој владее со Турција повеќе од две децении, бара начин за уставна промена што ќе му овозможи да се кандидира за трет мандат на изборите во земјата во 2028 година. Ердоган го продолжи своето владеење со победата на изборите во 2023 година, по преобликувањето на политичкиот систем преку уставни промени во 2017 година, кога беше укината премиерската функција и беше воспоставено извршно претседателство, со што значително се прошириja неговите овластувања. Меѓутоа, за уставни измени потребно е двотретинско мнозинство на гласови во парламентот. Се смета дека за да се обезбеди ова мнозинство, на Ердоган ќе му треба поддршка од прокурдската партија ДЕМ, трета по големина во парламентот. Ова е истата група чии пратеници беа во контакт со Оџалан, турската влада, за на крајот да ја прочитаат изјавата на курдскиот лидер од затворот. Владеачкиот сојуз на Ердоган може да го гледа ова како шанса да ја придобие прокурдската партија ДЕМ, која ќе поддржи уставни промени кои би можеле да го продолжат неговото претседателствување додека на Курдите ќе им се дадат повеќе права. Факт е дека секој претходен обид за мировни преговори заврши со неуспех, а турските аналитичари сметаат дека мировните напори на Ердоган никогаш не се однесувале на курдските демократски барања, туку тие се параван за зачувување на власта. Како и да е, наскоро ќе дознаеме дали Курдите ќе добијат нешто за возврат.

Меѓутоа, турската влада, покрај домашните пресметки, смета и на позитивни регионални промени кои го прават овој стратешки договор уште понеопходен. Турција долго време е под притисок од ривалите Иран и Израел кои можат да го искористат нејзиниот конфликт со ПКК. Со оглед на тоа што во моментов Блискиот Исток се преобликува, Турција ќе се обиде да биде еден од клучните актери во Сирија, а завршувањето на овој долгогодишен конфликт е стратешка неопходност. Регионот беше сведок на огромни промени изминатава 2024 година. Сирискиот претседател Башар ал Асад беше соборен од бунтовничките групи во декември, а Израел постојано го проширува своето влијание во Сирија со преземање нова територија и интензивирање на воените операции.

Во меѓувреме, реално е дека ниту Турција ниту ПКК не можат воено да постигнат апсолутна победа. Падот на активниот конфликт во Турција, исто така, ја преобликува перцепцијата на јавноста. Воените операции на Турција во Сирија – „Штитот на Еуфрат“ (2016-2017), „Маслиново гранче“ (2018) и „Изворот на мирот“ (2019) – го префрлија борбеното поле од граничните области на Турција во северна Сирија, каде продолжуваат судирите помеѓу Сириската национална армија поддржана од Турција и силите на сириските Курди. Како резултат на овие операции беше создадена тампон-зона меѓу пограничните градови Азаз и Џараблус, беше заземен градот Африн, како и територии источно од реката Еуфрат. Оваа стратегија не само што воспостави зони под турска контрола, туку ја смени и географијата на конфликтот, намалувајќи ги директните закани за Турција додека ги интензивираше борбите за моќ во сириските области како Африн, Рас ал Аин и Тал Абјад.

Распуштањето на ПКК, сепак, не е завршена работа, а опозициските партии, особено Републиканската народна партија, се колеба дали да ја поддржи иницијативата, не знаејќи што може да се одвива во преговорите зад затворени врати. Повикот на лидерот на ПКК, Оџалан, врши дополнителен притисок врз недржавните вооружени групи низ регионот кои треба да се приспособат за опстанок и легитимност. Решението на курдското прашање може да ги зајакне дипломатските односи на Турција, особено со европските и американските партнери кои ја критикуваат нејзината политика против Курдите во земјата и во соседните држави. Доколку процесот е одржлив, ќе се намалат тензиите со Ирак и Сирија, и дополнително ќе се зајакне безбедносната и економската соработка со Багдад и новата влада во Дамаск. За успешна транзиција, клучна улога ќе играат правните, политичките и социјалните приспособувања. Борците на ПКК може да добијат правна амнестија и поддршка за реинтеграција, а дел од нив ќе да бидат апсорбирани во легитимните курдски политички структури. На крајот, одржливоста на овој процес ќе биде одредена со значајни демократски реформи, проширување на културните и политичките права, заштита на граѓанските слободи и отворање на патот за нова демократска уставна рамка како основа на поинклузивен политички поредок.

Во надворешните односи, „курдското прашање“ долго време беше пречка за Турција, особено со западните сојузници и ЕУ, за која Турција останува земја кандидат. Загриженоста за правата и слободите, поткопувањето на курдските права и политичкото претставување, затворањето на курдските политичари и западната поддршка за курдските групи кои се борат против терористичката организација „Исламска држава“ во Сирија, сето тоа придонесе за тензиите во надворешните односи на Турција. Со проактивно управување на оваа позитивна транзиција, Анкара би можела да ги нормализира односите помеѓу ПКК и турските власти, зајакнувајќи ја својата позиција, и на регионален и на меѓународен план.

Само со решавање на социјалните поделби во турското општество, постигнување регионални разбирања со САД, Иран и Русија за ПКК и вклучување во веродостојни мировни преговори со умерениот курдски национализам, ќе се избегне зголеменото темпо на насилство. Политички, а не воени решенија се единствениот пат кон трајно решавање на курдското прашање во Турција. Одржливиот мир бара прагматични решенија, постепени чекори и прифаќање дека ќе има и повременоназадување во преговорите, конкурентни интереси и неопходност од меѓусебни отстапки. ■



# Денот на победата над фа



# шизмот и Денот на Европа







# „VIDERE NON VIDERI“ СО ЧЕТАТА ЗА ВОЕНО РАЗУЗНАВАЊЕ



Пишува: Виктор Крстевски

Припадниците на Четата за воено разузнавање во периодот од 5 до 9 мај 2025 година релизираа обука за исхрана во природа во регионот на Осоговските Планини. Четата за воено разузнавање, според времето на формирање, е релативно млада единица, но според формацијата и намената ја претставува најелитната борбена формација во 1. пешадиска бригада. Обуката се реализираше во пет фази: 1. пристигнување во реонот на распоредување; 2. уредување на логорската просторија и на местото за обука преку формирање на работни точки за обука; 3. теоретски дел, предавање од страна на искусните инструктори Виктор Крстевски и Марио Алексовски; 4. практичен дел со теренски вежби и 5. завршен дел со анализа на реализираната активност и подготовка за напуштање на логорот и безбедно враќање во касарната.

Планираната обука беше изведена според НАТО програм-тренинг познат како SERE (Survival, Evasion, Resistance and Escape), или во превод „Преживување, избегнување, отпор и бегство“. Слушателите, според хронолошки редослед на темите за обука, од страна на инструкторите беа запознаени со: значењето на тренингот за преживување на бојното поле во услови на современо војување, психологијата на преживувањето, изработка на засолништа и огништа, алтернативни начини на обезбедување на храна и вода од природата и запознавање на опремата за преживување (survival kit), која се користи во армијата и нејзино користење во најразлични ситуации.

Развивањето на вештината за преживување е од есенцијално значење за одржувањето на војниците во живот, во услови на постоење на загрозувачки ситуации по живот



на бојното поле, кога логистичкото обезбедување, поради изведување борбени дејства, не би можело да ги снабди единиците на терен со потребните ресурси (храна, вода, муниција итн.), затоа што суштината на военото раководење во услови на борба е да ги одржи борбените ефективи и способноста на војниците и единиците да војуваат и да водат борба во секое време, на секое место, во кој било временски период и метеоролошки услови во годината.

Извидувачко-разузнавачките единици кои имаат задача собирање на информации за непријателот и за теренот на боиштето, во случај на реално војување можат да се најдат во три ситуации: да бидат инфилтрирани (уфрлени) во непријателска територија, да се најдаат во опкружување или да бидат распоредени во предниот крај на линиите на осигурување, при што во сите три ситуации присуството на непријателските војници е зголемено, додека движењето низ боиштето е ограничено. Војниците со себе мора да носат резерви од муниција, храна, вода и друг дополнителен товар во ограничена количина, поради борбеното оптоварување на војникот кое изнесува една третина од неговата вкупна тежина. Војниците ги трошат нивните лични ресурси (муниција, храна, вода итн.) според принципот на „три третини", каде што првите две третини од кој било ресурс, војникот ги троши самоиницијативно, според лична процена, додека за последната третина го известува командирот, којшто одлучува, дава насоки и менаџира со начинот на трошење на ресурсите според сознанијата за можностите на логистичко снабдување, постоење на стационарни и мобилни логистички станици за снабдување, како и можности за доставување (дотур) од копно и воздух, бидејќи војниците и единиците, во ниеден случај, не смеат да останат на терен со целосно потрошени ресурси. Ако постои потреба војниците да се задржат на терен подолго од предвиденото време, кога две третини од водата за пиење и хранливите продукти се веќе потрошени, во тој случај командирот треба да нареди преминување кон алтернативни начини на снабдување преку користење на сите расположиви ресурси од природата и на сè она што природата може да го понуди.

Слушателите беа запознаени и со тоа што е најзначајно за опстојување во природно опкружување, во согласност со хиерархијата на потребите и според редоследот засолниште, оган, вода и храна, при што тие се обучија за изработка на огништа со мали демаскирачки знаци (чад, пламен и светлина), од типот на „дакота" огниште, планинарски и шведски оган кои, освен што треба да создадат загревање и сушење на униформата, треба да послужат и за приготвување на храна и за превривање на вода којашто би можела да се пие. Исто така, слушателите имаа две работни точки за обука на темите: „Изработка на средства за ловење и собирање на дивата флора и фауна" и „Прочистување на водата за пиење со прирачни средства", „Изработка на објекти за подготовка на храната", „Класификација на артиклите на употребливи и неупотребливи и нивната подготовка за исхрана (за јадење)".

На првата работна точка беше извршена презентација на замки за ловење дивеч и средства за ловење на риби и влекачи, како и запознавање со табелата на потребната количина калории кои војникот треба да ги внесе за да може нормално да функционира. На втората работна точка војниците беа запознаени со алтернативните начини на собирање вода за пиење (планински извори, дожовдница, вода од утринска роса, брезова вода итн.), како и со начините на прочистување на водата. По извршената обука на работните точки за обука, војниците беа поделени во групи и упатени во различни правци, со цел пронаоѓање на траги кои укажуваат присуство на диви животни, регистрирање на карта, места на задржување на дивите животни како природни хранилишта и поилишта, поставување на замки за ловење на дивите животни (и нивно отстранување после завршената обука), собирање на хранливи артикли од природата, нивна класификација и подготовка, како и пронаоѓање на извори на вода на карта и во природата во реонот на задржување, собирање и прочистување на водата. Секој припадник можеше лично да се увери колку природата во исто време може да биде и дарежлива и недарежлива, и колкава е реалната потреба од развивање на вештините за преживување и опстанок во природно опкружување. Теренската активност беше завршена со дружење покрај логорскиот оган и размена на искуства и на знаења кои слушателите ќе треба да ги усовршат и да им ги пренесат на нивните колеги понатаму, кога ќе се изведува ваков вид обука. ■






# КАШМИР, ХИМАЛАЈСКИОТ „ЖЕЖОК КОСТЕН"



Пишува: д-р Златко Кузманов

Осумдесетгодишниот период на континуирано непријателство помеѓу Индија и Пакистан на повремени вооружени конфликти и меѓусебни војни со ограничени цели продолжува. „Каменот на сопнување" високо стои во Хималајскиот регион, наречен Кашмир. Поминаа само шест години од нивните последни меѓусебни воздушни напади во февруари 2019 г., но светот повторно беше сведок на терористички напад на 22 април 2025 г., кога во туристичкото место близу градот Пахалгам, во индискиот дел на Кашмир, вооружени напаѓачи убија најмалку 26 луѓе, главно индиски туристи. Одговорноста за нападот ја презеде терористичката екстремна група „Кашмирски бунтовници", блиска до терористичката група „Лашкар-е-Таиба". На раководството на Индија не им требаше многу време да го обвини Пакистан и да и одобри на индиската армија да изврши контролирани ракетни и воздушни напади на цели во областите на Кашмир administrirani од Пакистан и на цели на територијата на Пакистан. Во мај се извршија повеќе меѓусебни вооружени напади, користејќи пред сè ракетно вооружување, борбени авиони, дронови и беспилотни летала. Повторно, како и години наназад, двете завојувани држави објавуваа извештаи за бројот на загинати и ранети на обете страни. Но, за да продолжиме да анализираме за војната помеѓу Индија и Пакистан, потребно да се потсетиме на корените на проблемот.

Кашмир е лоциран во Нималајскиот регион, на север од Индискиот Потконтинент и е едно од најнестабилните жаришта во светот. По добивањето независност од Британската Империја во 1947 г., Индија и Пакистан водеа неколку војни и конфликти, речиси сите за правата врз Кашмир. После поделбата на британска Индија на главно хиндуистичка Индија и муслимански Пакистан, Кашмир стана точка на спор. Иако во Кашмир главно живее муслиманско население, во тоа време бил управуван од хиндуистички принц. Во октомври 1947 г. избувна првата војна меѓу двете новоосновани држави. Конфликтот, во кој загинаа илјадници луѓе, заврши 1948 г., без конечно решение. Една година подоцна, во 1949, со посредство на Обединетите нации беше воспоставена линија на прекин на огнот, со која Кашмир беше поделен на два дела - еден под индиска, а друг под пакистанска контрола. ОН потоа ветија референдум, луѓето од Кашмир сами да одлучат дали сакаат да се приклучат кон Индија или кон Пакистан. Сепак, овој референдум никогаш не се одржа. Денес, Кашмир е поделен на три дела, контролирани од разни сили. Индија ги администрира јужните и централните делови од регионот, познати како Џума и Кашмир и планинскиот регион Ладак на исток. Пакистан го контролира југозападниот дел, наречен Азад Кашмир и северниот дел, познат како Гилгит-Балтистан. Кина, од друга страна, ја контролира големата надморска височина, пустината Аксаи Чин на североисток, која Индија, исто така, ја смета за дел од Ладак. Неформалната граница помеѓу индискиот и пакистанскиот дел од Кашмир е позната како Линија на контрола. Иако не е меѓународно призната како официјална граница, ЛоК претставува

линија на поделба помеѓу териториите што ги администрираат трите држави. Линијата беше потврдена по војната во 1971 г. и се базира на Карачискиот договор од 1949 г., со кој се воспостави прекин на огнот под надзор на ОН. Значајно е да се наведе дека, секоја од трите страни, една на друга и го оспорува правото да администрира со постојните региони кои ги сметаа за свои.

За да го согледаме интензитетот, континуитетот и ефектите од непријателствата помеѓу Индија и Пакистан, ќе ги презентираме следните хронолошки податоци:

- првата војна се случи после два месеци од прогласувањето на независноста  на Пакистан и Индија во 1947 г. Конфликтот заврши на 1 јануари 1949 г. со воспоставување линија на примирје;
- во април 1965 г. избувна нов судир поради спор околу границата, кој се разгоре кога Пакистан ја премина линијата на примирје и влезе на индиска територија. Двете страни на крајот се согласија на примирје под покровителство на ОН;
- шест години подоцна, во 1971, повторно избувна конфликт, поради борбата за независност на Источен Пакистан. На 6 декември 1971 г. се создаде нова држава - Бангладеш. Пакистан ја призна дури три години подоцна;
- во 1989 г., исламските борци, поттикнати од растечкото незадоволство на муслиманското население во Кашмир, започнаа бунт против индиската власт;
- се случи нов вооружен судир во 1999 г., кога пакистански борци заzедоа позиции во индискиот дел на Кашмир кај Каргил;
- во октомври 2001 г., 38 луѓе беа убиени во напад на собранието во Сринагар, а еден месец подоцна, уште 14 загинаа во напад на индискиот парламент;
- од 26 до 29 ноември 2008 г., десет напаѓачи од пакистанската екстремна група „Лашкар-е-Таиба“ изведоа координиран напад во Мумбај и убија 166 луѓе на повеќе јавни локации;
- во февруари 2019 г., Индија изврши воздушен напад на камп на терористи во пакистанскиот Балакот. Еден ден подоцна, Пакистан изврши контранапад.

Значајно е да се потенцира и улогата на меѓународната заедница, пред сè на ОН за прекин на воените активности во регионот на Кашмир и за напорите да се воспостават и одржуваат мировни и набљудувачки мисии на ОН во Кашмир. Во 1948 г. се воспостави првата мисија на ОН, наречена „Комисија на ОН за Индија и Пакистан“. Оваа мисија престана во 1951 г., кога со нова резолуција на Советот за безбедност на ОН се воспостави „Набљудувачка група на ОН во Индија и Пакистан“ (UNMOGIP). Функцијата на оваа мисија е да го надгледува прекинот на огнот во Џума и Кашмир, да известува, да истражува спорови за прекршување на прекинот на огнот и да доставува извештаи до двете страни и до генералниот секретар на ОН. Во јули 1972 г., Индија и Пакистан потпишаа договор со кој се дефинира „Линија на контрола“ во Кашмир која, со мали отстапувања, го следеше истиот тек како и линијата на прекин на огнот утврдена со Карачискиот договор во 1949 г. која ги раздвојува административните региони на Пакистан и Индија во Кашмир и изнесува 776 км. Меѓутоа, Индија заzеде став дека со тоа мандатот на UNMOGIP е истечен, бидејќи се однесувал конкретно на линијата на прекин на огнот според Карачискиот договор. Сепак Пакистан не го прифати овој став. Со оглед на несогласувањето меѓу двете страни околу мандатот и функциите на UNMOGIP, ставот на генералниот секретар беше дека UNMOGIP може да биде прекинат само со одлука на Советот за безбедност. Во отсуство на таков договор, UNMOGIP се одржува со истите аранжмани кои се утврдени по прекинот на огнот од декември 1971 г. Со Договорот од Симла од 1972 г., Индија усвои политика на непризнавање на „трети страни“ во нивните билатерални размени со Пакистан, за прашања во врска со регионите под нејзина контрола, Џаму и Кашмир. Воените власти на Пакистан продолжија да поднесуваат жалби за наводни прекршувања на прекинот на огнот до UNMOGIP. Од друга страна, Индија не поднесе жалба за ограничување на активностите на набљудувачите на ОН и продолжи да обезбедува потребни безбедносни, транспортни и други услуги за UNMOGIP. Актуелниот шеф на мисијата UNMOGIP и шеф на воените набљудувачи бил мексиканскиот генерал-мајор Рамон Гуардадо Санчез, назначен на позицијата од генералниот секретар на ОН на 13.11.2024 г. Штабот на UNMOGIP мисијата функционира на две локации, по принципот на ротација: во Сринагар, во Индискиот регион Џума и Кашмир, од мај до октомври, и во Исламабад во Пакистан, од ноември до април. Кога Штабот е лоциран во Сринагар, во Исламабад функционира резервен и спротивно. Непријателството и постојаната опасност од поширок воен конфликт помеѓу Индија и Пакистан ја загрозува регионалната безбедност, а имајќи предвид дека и двете држави



**Табела со податоци за бројот на населението во административните региони на Кашмир**

| Администрирано од | Регион | Број на население | % муслимани | % хинду | % будизам | % други |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ИНДИЈА | Кашмир | 12,5 милиони | 95% | 4% | - | - |
| | Џаму | | 30% | 66% | - | 4% |
| | Ладак | | 46% | 12% | 40% | 2% |
| ПАКИСТАН | Азад Кашмир | 5,5 милиони | 100% | - | - | - |
| | Северни Територии | | 99% | - | - | - |
| КИНА | Аксај Чин | - | - | - | - | - |
| | Транс-Каракорам | - | - | - | - | - |

поседуваат и вооружени системи со нуклеарни глави, потенцијално можат да ја загрозат и меѓународната безбедност. Се проценува дека Индија и Пакистан имаат во воениот арсенал приближно ист број на нуклеарни боеви глави, по околу 170. Сепак, процената е дека поседувањето на нуклеарно вооружување во согласност со доктрините, пред сè служи за одвраќање и за да не дојде до ескалација на непријателствата и до воени акции. Индија има значително поголеми и побројни воени капацитети како што се борбени авиони, тенкови, оклопни возила, воени бродови, носачи на авиони, број на војници и слично, но досегашните војни и вооружени конфликти со Пакистан се спроведуваа со ограничени цели и ресурси. Се проценува дека секоја од страните во конфликтот ќе возврати на каков било напад со конвенционално вооружување, пред сè со употреба на ракетно вооружување, напади со ракети од борбени авиони, масовно користење на дронови и беспилотни летала, удари од дистанца, со цел да се намали ризикот од противудари од другата страна на сопствените скапи и софистицирани борбени системи. Непријателството ќе се води и преку економска војна, со контрола или ограничување на користењето на стратешките ресурси, како што е водениот потенцијал во регионот на Кашмир. Гледаме дека во првите 20-тина дена од најновите воените напади, меѓународната заедница, а особено водечките светски сили САД, Кина, Русија, Франција, В. Британија и други, имаа реакција за сопирање на ескалацијата на воените акции, што се очекува да се промени. Таквата реакција е предизвикана и од фактот што водечките држави имаат и одржуваат партнерски и блиски релации со двете земји, и се принудени многу внимателно да настапуваат во овој повеќедецениски конфликт. Во секој случај, меѓународната заедница ја осудува најновата ескалација на непријателствата и ги повикува Индија и Пакистан да ги сопрат нападите и да не дозволат состојбата да ескалира. Ова е повеќедецениски „конфликт во слепа улица“, по сè изгледа ќе продолжи и тешко ќе се најде разумно решение. ■




# ПРИВАТНАТА БЕЗБЕДНОСТ ВО ВО НАШАТА ЗЕМЈА

Пишува: м-р Ксенија Митева

Приватното обезбедување кај нас е присутно повеќе од две децении и денес е регулирано со посебен закон.

Терминот „приватна безбедност“ во Белата книга се идентификува како сектор за приватно обезбедување, безбедносен консалтинг и граѓанска сигурност. Приватното обезбедување е заштита на луѓето и имотот, коешто како економска дејност се врши од страна на претпријатијата и поединци вработени во нив.

Активностите на приватното обезбедување се координирани со секторот на политика на национална безбедност на нашата држава, особено во политиката за обезбедување и внатрешната безбедност.

Најголем интерес на Република Северна Македонија е да обезбеди високо ниво на безбедност и квалитет на живот за сите граѓани. Предуслов за ова е строго почитување на основните права и слободи на човекот и да се спречат системски акти на незаконско мешање во приватноста и правата на човекот. Овие принципи, исто така, врз основа на политиката за обезбедување, имаат цел да се воспостави и да функционира ефективен и пропорционален систем на внатрешна безбедност. Затоа, во интерес на нашата држава е промовирање и зајакнување партнерства меѓу јавноста и приватното обезбедување, што уште повеќе ќе ја зајакне легитимноста, кредибилитетот и оптималниот систем.

Бидејќи приватната безбедност е многу застапена во сите сфери на една држава, потребно е да се обезбедат стандарди за работа и обезбедување на потребниот квалитет. Со цел приватното обезбедување да биде добро и професионално поставено, потребно е да се воспостави избалансиран систем на односи меѓу самите субјекти кои активно учествуваат во оваа област: правното лице регистрирано за вршење на дејноста приватно обезбедување, кое е давател на услугата; корисниците на услугата (лица, фирми); Министерството за внатрешни работи како контролор на активностите на агенциите и Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување како значаен субјект кој треба да создаде предуслови за подобрување на професијата.

Приватниот безбедносен сектор во македонската држава значително еволуирала низ годините. По распадот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, дошло до забележи-

телна промена во безбедносната слика, што довело до појава на приватни безбедносни субјекти како клучни партнери на државата во обезбедувањето на безбедноста.

Со распадот на СФРЈ се распаднале полека политичкиот, но и безбедносниот систем во сите држави на СФРЈ. Во многу делови на државата, јавната безбедност станала приватна,во смисла што нема никаква релација со она што е модерен концепт на приватна и корпоративна безбедност. Македонската држава, за среќа го избегнала погубното искуство на паравојски, параполиции, селски стражи и други облици на самоорганизирање за одбрана во војна или во граѓански судир. Мирното разрешување на распадот на Југославија овозможило нормален начин на воспоставување на државноста со сите нејзини атрибути. Процесот на трансформација на државата, во прифаќањето на либералните принципи во политичката и во економската сфера, подигнати на ниво на уставна норма, било невообичаено регуларен. Во тој период, била извршена приватизација на општествената сопственост. Така, и во безбедноста постепено настанале промени, исто како и во развиените земји.

Почетоците на приватната безбедност во македонската држава се поврзуваат со донесување на Законот за обезбедување на лица и имот на 14 декември 1999 година. Закон за обезбедување на лица и имот ја даде потребната рамка за остварување на дејноста приватно обезбедување. Тој ги уреди и начинот за обезбедување на лица и имот.

Можеме да кажеме дека приватното обезбедување во македонската држава е резултат на процесите што се случија во последната деценија од минатиот век кога се создале услови за практично етаблирање на приватниот безбедносен сектор како значаен фактор во вкупните односи за градење поволен безбедносен амбиент во државата. Со тоа приватното обезбедување и приватните компании за обезбедување во нашата држава станаа реален партнер на јавниот безбедносен сектор во државата со изразени елементи на апсолутна доминација на сопственоста, како и приватизирање на одредени функции што дотогаш беа ексклузивно право на



јавниот безбедносен сектор.

Развојот на приватниот безбедносен сектор во македонската држава бележи значителен напредок во последните две децении на 21 век.

Правната основа за регулирање на приватното обезбедување во македонската држава е клучна за надзор и управување со активностите на приватните безбедносни субјекти во земјата. Дополнително, преземени се реформи и напори за реструктуирање за подобрување на приватниот безбедносен потсистем во Македонија, усогласувајќи го со современите безбедносни концепти и регулативи.

Македонската држава за првпат целосно и институционално ги воведе различните облици на приватно обезбедување на лица и имот со донесувањето на Законот за обезбедување на имот и лица на 14 декември 1999 година. Со овој акт беа создадени законски правила и основи во однос на предметната материја, како вовед во отпочнување на процесот на практична имплементација за законските решенија во делот на обезбедување на лица и имот. Воедно, со овој закон државата направи значителен чекор напред во смисла на делегирање на дел од своите јавни надлежности на новооснованиот субјект – Комората на македонската држава за обезбедување на лица и имот, пренесувајќи ги обврските за: организирање на полагање на стручен испит за приватно обезбедување, издавање на лиценца за работа за физички лица и легитимации за правни лица и водење евиденции. Таа се формира на 21.06.2000 година, со седиште во Скопје. Дејноста на Комората е насочена во правец на заштитување и унапредување на стручноста, професионалноста и деловноста на професијата обезбедување на лица и имот и истата е регулирана со Закон за обезбедување на лица и имот и подзаконски акти, а сега е регулирана со Закон за приватно обезбедување.

Во декември 2012 година, Собранието на македонската држава донесе нов Закон за приватно обезбедување, кој подоцна претрпе измени и дополнувања во 2013 година и уште две измени и дополнувања во 2015 година, секако од објективни причини, но и како резултат на приспособувањето на македонското со европското законодавство. ■



*Потребата од системска грижа за менталното здравје кај воениот персонал*

# ТИШИНАТА ШТО ТЕЖИ: ТАБУ-ТЕМИ ВО ВОЕНАТА СРЕДИНА



проф. Александар Грижев

Во структурата на современите вооружени сили од секој припадник се очекува да покаже издржливост, дисциплина и психофизичка стабилност. Сепак, долгогодишното потиснување на темите поврзани со менталното здравје создаде една од најскриените, но најопасни слабости во организациите кои најмногу се потпираат на човечкиот капитал: војската и армиите. Од војникот се очекува не само физичка кондиција и тактичка подготвеност, туку и емоционална издржливост која често останува останува прикриена зад униформата.

Анксиозноста, хроничниот стрес, емоционалниот замор и последиците од трауматски настани не се невообичаени воени искуства. Она што е проблематично е што овие состојби

*Грижата за менталното здравје е дел од професионалната подготвеност на секој припадник на вооружените сили. Во современите армии, поддршката од воените психолози е достапна за сите кои се соочуваат со предизвици. Да се побара помош е знак на сила и одговорност*

честопати се премолчуваат. Културата на тишина, поддржана од стравот од стигма, перцепцијата на ранливост како слабост и стравот од институционални последици, доведува до прикриени последици кои влијаат на индивидуалниот и колективниот капацитет на единиците. Со текот на времето оваа тишина може да го наруши моралот, кохезијата и борбената подготвеност.

Современите одбранбени системи, особено во НАТО земјите, сè поинтензивно го препознаваат значењето на менталната отпорност како основен предуслов за одржување на борбената готовност. Армијата на Република Северна Македонија ги следи овие трендови преку развој на капацитети во областа на воената психологија. Воените психолози имаат клучна улога во обезбедувањето на поддршка,

едукација и советување за припадниците на Армијата, како и во подготвеноста на командниот кадар да препознае и да реагира на симптоми на психолошки стрес.

### Психолошката подготвеност е исто толку важна колку и физичката кондиција

Менталното здравје не смее да се перципира како дополнителен луксуз, туку како предуслов за извршување на задачите. Психолошката подготвеност е исто толку важна колку и физичката кондиција. Војниците и старешините се соочуваат со интензивни, честопати непредвидливи услови кои можат да ја нарушат менталната рамнотежа дури и кај најподготвените. Изложеноста на продолжен стрес, како и справувањето со последиците од природни катастрофи, хуманитарни мисии или борбени операции, бара систематска поддршка која ќе ја зајакне психолошката издржливост на војниците.

Затоа, вложувањето во обука за емоционална стабилност и техники за справување со стресот е инвестиција во кохезивноста и ефективноста на единицата. Менталната подготвеност не се развива спонтано, таа се гради преку целни програми, поддршка од командниот кадар и создавање организациска култура каде што е прифатливо да се побара помош кога е потребна. Потребни се мали, но доследни чекори: командна култура и филозофија што охрабрува отворена комуникација, информираност за расположливите услуги, како и политики што штитат од дискриминација поради психолошки состојби. Упатствата и протоколите треба да бидат придружени со реална поддршка и охрабрување: од командирот, од колегите, од системот во целина. Освен тоа, потребна е континуирана едукација на сите нивоа, за да се разбере дека грижата за менталното здравје е дел од грижата за борбената способност.



Воената професија носи специфичен етички и функционален товар. Секој припадник има обврска не само да биде способен, туку и да биде и стабилен, заради себе, својата единица и пошироката мисија. Токму затоа, грижата за менталното здравје мора да се третира како составен дел од оперативната способност. Војска што умее да препознае и да управува со тишината е војска којашто е подготвена за секој предизвик. ■





***Воениот рок е „двојна битка" и за вас и за вашите сакани, но тие се горди на вас, дури и кога не умеат вистински да го изразат тоа***

# ВЛИЈАНИЕТО НА ОТСУСТВОТО ОД РОДИТЕЛ ВРЗ ДЕТСКАТА ПСИХА



Пишува: др.спец. Камелија Симеонова

Во современото општество семејните структури се во постојана еволуција, а отсуството на родителот од домот поради различни причини – работа, обврски или воена служба, оставаат длабоки психолошки траги врз децата, предизвикувајќи емоционални и бихевиорални предизвици.

Научните истражување покажуваат дека децата без активна родителска фигура во нивниот живот имаат поглем ризик од развој на ментални здравствени проблеми.

## Психолошки феномени поврзани со отсуството:

### 1. Анксиозност од одвоеност

Отсуството на родител често предизвикува анксиозност од одвоеност, особено кај помалите деца. Овој феномен се манифестира преку страв дека родителот нема да се врати, што може да доведе до несоница, плачливост или прекумерна приврзаност кон присутниот старател. Децата може да развијат чувство на вина, мислејќи дека нивното однесување е причината за отсуството.

### 2. Емоционална амбивалентност

Кај децата од училишна возраст, отсуството може да предизвика мешавина од емоции – гордост за родителот кој е во воена служба, но и лутина поради неговото отсуство. Оваа амбивалентност создава внатрешен конфликт, кој може да се изрази преку повлеченост, агресивност или намалена мотивација за учење. Адолесцентите, пак, може да се борат со чувството на изолација, особено ако пропуштаат заеднички семејни моменти.

**3. Хипервигилност**

Неизвесноста за безбедноста на родителот, особено во контекст на воената служба, може да предизвика хипервигилност – состојба на постојана напнатост и будност. Децата може да бидат преосетливи на надворешни стимуливации, како вести или разговори за конфликти, што доведува до физички симптоми како главоболки или стомачни болки без органска причина.

**4. Регресија во однесувањето**

Малите деца често реагираат на отсуството со регресивно однесување, враќајќи се на навиките од помала возраст, како мокрење во кревет или барање постојана утеха. Ова е начин на кој тие бараат сигурност во време на емоционална нестабилност.

**5. Когнитивен дисонанс**

Децата може да се борат со контрадикторни мисли за отсуството на родителот. Од една страна, тие го гледаат родителот како херој, но од друга страна чувствуваат фрустрација поради неговото отсуство. Овој дисонанс може да предизвика емоционална нестабилност, особено кај адолесцентите кои се во фаза на формирање на идентитетот.

## Долгорочни ефекти

Непроцесираните емоции можат да доведат до долгорочни последици како тешкотии во градењето доверба или зголемена подложност на анксиозност и депресија. Сепак, со соодветна поддршка, децата можат да развијат отпорност, учејќи да се справуваат со предизвиците и да ја ценат жртвата на нивниот родител.

Насоки за војниците: Како да ги поддржите вашите деца



Вашето отсуство е тешко за вашите деца, но вашите напори можат да направат разлика.

## Еве неколку практични совети:

1. Одржувајте контакт: Кратки пораки, писма или видеоповици го зајакнуваат чувството на блискост. Овие гестови им покажуваат на децата дека се во вашите мисли.
2. Бидете искрени: Објаснете го вашето отсуство на начин што е разбирлив за возраста на детето, избегнувајќи застрашувачки детали.
3. Охрабрете го семејството: Разговарајте со вашиот партнер за знаците на стрес кај децата и поддржете ги да побараат стручна помош ако е потребно.
4. Подгответе се за реинтеграција: По враќањето, дајте им време на децата да се приспособат. Слушајте ги и бидете трпеливи.
5. Побарајте ресурси: Искористете ги програмите за воени семејства или психолошките служби за поддршка на вашите деца.



## Емоционален осврт

За надминување на „емоционалните борби“ на децата потребена е здравствена поддршка, но и поддршката од другите членови на семејството која е клучна за подобрување на квалитетот на живот на овие деца. На овој начин, професионалците можат да им помогнат да развијат стратегии за справување со своите емоции и ситуации.

Секој ден поминат далеку од вашите деца е тежок. Вашето отсуство не е избор на отфрлање, туку чин на жртва за повисока цел.

Воениот рок е „двојна битка" и за вас и за вашите сакани, но тие се горди на вас, дури и кога не умеат вистински да го изразат тоа.

Вие сте чувари на нашата татковина!

Вам ви го должиме мирниот сон и утрото на нашите деца.

Секој родител, старател и заедница имаат одговорност да им помогнат на децата да се справат со предизвиците што ги носи отсуството на нивната родителска фигура, поттикнувајќи ги да растат во стабилни и здрави индивидуи. ■



# ПРАВНАТА ОПРАВДАНОСТ КАКО ОСНОВА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА МИРОВНИТЕ ОПЕРАЦИИ



Пишува: потполковник Милена Чатмова

При спроведувањето на мировните операции се соочуваме со повеќе правни проблеми и нејаснотии како што се: правна оправданост за употреба на мировните сили и упатување на мировни сили во одредени подрачја.

Мировните операции можат да се водат по овластување од страна на ОН или врз самостојна одлука на регионални организации како што се НАТО и ОБСЕ. Меѓутоа, светското јавно мислење зазема став дека мировните мисии треба да се водат како мултилатерални акции со мултилатерални сили, а не унилатерални мировни операции, поради можноста за пречекорување на употребата на сила, бидејќи во светот постојат повеќе случаи на мировни операции без одлука на Советот на безбедност на ОН. Поради овие причини ставањето на војувањето во правни рамки е од особено значење и неговата примена е превентива од несакани последици од војната како огромни страдања, жртви и масакри.

Обединетите нации одобриле 71 мировна операција заклучно со април 2018 година. Овие операции не вклучуваат интервенции овластени од ООН како Корејската војна и Заливската војна. Во 1990-тите години се случиле најмногу мировни операции на ООН досега.

Држава или регионална организација којашто самостојно ќе преземе мировна операција за наметнување на мир или наметнување на санкции со употреба на сила, без оглед дали постои одлука на некоја регионална организација, значи дека во таа ситуација не може да биде испочитувано меѓународното право и претставува флагрантно кршење на одредбите од Повелбата на ОН, односно на Глава VII. Секоја земја има право самостојно да донесе одлука за примена на вооружена сила, само во случај кога е објект на вооружена агресија.

Силите на ОН за секоја мисија имаат правила за ангажирање во кои е регулирана употребата на сила, употребата на оружје и слично. Во мировните операции на ОН правото на самоодбрана е проширено и со употреба на сила заради остварување на задачите на мисијата или кога во правилата за ангажирање е одредена употреба на сила и заштита на одредени средства во зависност од целта на мисијатата. Според тоа, употребата на сила од страна на персоналот на мировните мисии се заснова на



принципот на пропоционалност и истата треба да соодветствува со постојаната опасност и со целта. Постои разлика помеѓу мировните мисии и традиционалната воена доктрина, односно се отстапува од принципот на максимална концентрација на сила врз воените цели.

Кога мировните мисии при извршување на операциите на наметнување на мир дејствуваат како самостојна странка во спорот и учествуваат во против вооружени сили по исклучок, тогаш се применуваат правилата на меѓународното хуманитарно право. Силите на ОН мора да го почитуваат и да го заштитуваат цивилното население во согласност со Женевската коннвенција за заштита на цивилите од 1949 година, додека, пак, кон заробените противнички борци мора да се применуваат одредбите од Женевската конвенција за постапување со воените заробеници од 1949 година.

Статусот на силите на ОН се уредува со договор меѓу ОН и земјата домаќин СОФА (Status of Forcese Agreement), познат како СОФА договор или со Договор за статусот на мисијата СОМА (Status of mission Agreement).

Со СОФА договорот се уредуваат правата и обврските на мировните сили и земјата домаќин, односно се договара правниот статус на мисијата (статусот на силите, привилегии на мисијата, начин на решавање на евентуални спорови, настанати штети, комуникации, транспорт, носење и употреба на оружје, надлежноста на воената полиција, судска јурисдикција, применливост на националното право и на меѓународното хуманитарно право, како и на Конвенцијата за безбедноста на персоналот на ОН и на сродниот персонал од 1994 година. Со оваа конвенција се обезбедува безбедноста на сите припадници во мировните операции на ОН. Конвенцијата содржи вообичаени одредби, како и стандардите на СОФА договорите, но државите посебно се обврзуваат да преземат сѐ што е потребно за безбедност на силите и персоналот кои не смеат да бидат цел на напад од ниедна страна. На пример, ако лице од ОН или сроден персонал биде заробено или притворено за време на извршување на неговите задачи, тоа не смее да се испитува, туку по утврдувањето на идентитетот мора да веднаш да биде ослободено и вратено до надлежните органи на ОН.

Обединетите нации забележаа повеќе од 33.443 цивилни жртви во вооружени конфликти во 2023 година, 72 отсто повеќе отколку во 2022 година.

Недостигот од одговорност за очигледни прекршувања на меѓународното право отвора сериозни прашања за нејзината реална вредност во одвраќањето на државите од употреба на сила во рамките на односите во глобализираниот свет. Ретко се случува земјите да признаат дека го прекршуваат меѓународното право или да тврдат дека се слободни да го прекршат. За воените акции на големите сили секогаш постои рационално оправдување, раководено од националните интереси. Поточно, државите се грижат за меѓународното право или го почитуваат само кога тоа се совпаѓа со нивните интереси и им служи на истите.

Со години проширувањето на фокусот на меѓународното право на човековите права и на хуманитарните цели го поткопува кредибилитетот на меѓународниот правен систем како целина, на сметка на територијалниот интегритет. ■





# Современи стратегии за превенција и заштита од сајбер-нападите во воениот сектор

Војувањето во 21 век не се одвива само со тенкови, ракети и беспилотни летала. Денес, тивката и често невидлива закана доаѓа преку интернет. Сајбер-нападите станаа една од најсериозните закани за националната безбедност, а воениот сектор – срцето на секоја државна одбрана – е под постојан дигитален напад. Оттука, борбата за дигитална безбедност не е избор, туку итна потреба. Секоја држава што не ги сфаќа сериозно овие закани ризикува не само компромитирање на тајни податоци, туку и целосно парализирање на нејзината одбранбена моќ.

**1. Сајбер-доктрината – темел на организираната одбрана**

Воениот сектор денес мора да има јасна, детална и усогласена сајбер-доктрина – стратешки документ кој дефинира како да се идентификува напад, сè до протоколите за реакција, одбрана и контранапад. Без јасна доктрина, одбраната станува хаотична и неефикасна.

Израел, САД, Русија и Кина веќе имаат формулирани сајбер-воени стратегии. Овие документи ги дефинираат не само дефанзивните мерки, туку и условите под кои е дозволено да се оди во дигитална офанзива. На пример, САД во својата Национална сајбер-стратегија истакнуваат дека го задржуваат правото на пропорционален одговор доколку станат жртва на сајбер-агресија.

**2. Обука на сајбер-војници**

Технологијата без луѓе е само хардвер. Затоа обуката на сајбер-војници е клучна алка во секоја стратегија. Тоа се специјалисти кои не носат оружје, но управуваат со системи, го лоцираат непријателот во дигиталниот простор и го неутрализираат.

Во Израел, единицата „8200“ на IDF е една од најмоќните сајбер-сили во светот. Таа регрутира млади луѓе со огромен потенцијал и ги обучува за заштита, напад и шпионажа на највисоко ниво. Слични програми постојат и во Естонија, каде цивилите со ИТ знаење се подготвени да реагираат при дигитална криза.

Таквите единици не се случајност – тие се резултат на државни политики кои ја препознаваат сајбер-безбедноста како прашање од највисок национален приоритет.

**3. Симулации и тестирања – подготовка за вистински напад**

Освен воени вежби, армиите организираат и сајбер-симулации. Тие се клучни за проверка на одбранбените системи, обука на персоналот и идентификација на слабости.

Најголемата таква вежба е „Locked Shields“, организирана од НАТО во Естонија. Секоја година, земји членки и партнери се натпреваруваат како да реагираат на координиран сајбе- напад врз критична

Пишува: Ј. П.

инфраструктура, комуникациски мрежи и воени системи. Целта е јасна – да се реагира брзо, координирано и прецизно, во услови на дигитален хаос.

Овие тестови не се симулации за „на хартија“. Тие се реални сценарија со вистински последици, кои бараат целосна ангажираност на сите нивоа на безбедносната структура.



**4. Вештачка интелигенција и автоматизирана одбрана**

Со експлозијата на дигиталните напади, човекот сам не може да ги процесира сите закани. Тука на сцена стапува вештачката интелигенција (ВИ). Преку алгоритми и машинско учење, системите можат автоматски да детектираат и неутрализираат аномалии уште пред човекот да ги забележи.

На пример, ВИ може да:

- открие фишинг е-пошта базирана на модел на говор;
- изолира уред кој се однесува сомнително;
- генерира процена на ризик за новооткриен малициозен софтвер.

Армиите веќе користат ВИ за да развијат „самоучечки“ системи кои можат да се приспособат на нови видови закани. Исто така, ВИ се користи за симулации, за анализа на податоци и за брза процена на влијанието од нападите.

**5. Сајбер-дипломатија и меѓународна соработка**

Ниту една држава не може сама да се справи со глобалната дигитална закана. Затоа сајбер-дипломатијата е еден од најважните столбови во одбранбената стратегија. Преку неа се градат сојузи, се разменуваат информации и се дефинираат правила за дигитално војување.

Пример: НАТО има своја сајбер-одбранбена политика и Center of Excellence во Талин, Естонија. ЕУ има ENISA – Агенција за сајбер-безбедност која координира напори меѓу членките. Тука е и Будимпештанската конвенција, која се обидува да воведе глобални стандарди за борба со сајбер-криминалот.

Соработката значи побрза реакција, заеднички ресурси и, што е најважно, превенција пред да се случи катастрофа.

**6. Приватниот сектор како „прв борец на линија“**

Воениот сектор не може да функционира без соработка со технолошките компании, кои често ги поседуваат критичните алатки и инфраструктура. „Microsoft“, „Google“, „Cisco“, „Kaspersky“ – сите тие имаат свои тимови кои секојдневно анализираат сајбер-закани и ги споделуваат информациите со државите. Покрај тоа, приватните компании се тие што први ја забележуваат промената во однесувањето на дигиталниот простор, било преку хакерски проби, појава на нов малициозен код или трендови во хакерските форуми.

Добра стратегија значи јавен и приватен сектор кои работат заедно – не во конкуренција, туку во партнерство.

**7. Закани за сателитска комуникација и воен IoT**

Сè што е поврзано на интернет – може да биде нападнато. Воениот сектор користи огромен број уреди поврзани во мрежи: дронови, радари, сензори, комуникациски системи, па дури и сателити. Сите тие се ранливи ако не се обезбедени со напредна енкрипција и безбедносни протоколи.

Нападот на сателитската мрежа на „Viasat“ во 2022 година покажа колку може да биде опасно ако комуникациските канали се компромитирани. Тоа не е само проблем на интернет – тоа е проблем на цела воена операција.

**Заклучок**

Модерниот свет бара модерна одбрана. Сајбер-нападите не се научна фантастика – тие се реалност што се случува секојдневно и токму затоа сајбер-безбедноста мора да биде на врвот на секоја воена стратегија. Државите што навреме ќе го разберат ова и ќе инвестираат во обука, технологија, стратегии и соработка, ќе бидат оние коишто ќе ја осигураатсвојата безбедност во дигиталната ера. ■





# МОРЗЕОВА АЗБУКА



# ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЕДНА ЕРА ИЛИ ПОЧЕТОК НА НОВИ МОЖНОСТИ

Пишува: Станка Петкова

Тешко е да се замисли светот пред појавата на Морзеовата азбука во време на глобална поврзаност, дигитална комуникација и моментално испраќање на пораки само со едно пристиснување на тастатурата. Овој иновативен систем на комуникација ги поставил основите за пренос на информации преку електрични сигнали.

Морзеовата азбука е создадена во 1830-титите години од Самуел Морзе и Алфред Вејл. Оваа азбука претставува композиција од точки и црти кои се користат за пренос на текстуални информации преку звуци, светлосни сигнали или електрични импулси. Оваа азбука, не само што го промени начинот на комуникација, туку и ја обликуваше историјата на модерната технологија. Првиот тест по пат на телеграф се случил далечната 1844 година, кога Морзе испратил порака од Вашингтон до Балтимор. Овој момент бил значаен пресврт во историјата на комуникација, обележувајќи ја ерата на електронската комуникација. Морзеовата азбука најпрвин била развиена за телеграфија и за да овозможи брз пренос на информации на големи далечини, овозможувајќи им на луѓето да комуницираат во реално време.

| | |
|---|---|
| A | • ▬ |
| B | ▬ • • • |
| C | ▬ • ▬ • |
| D | ▬ • • |
| E | • |
| F | • • ▬ • |
| G | ▬ ▬ • |
| H | • • • • |
| I | • • |
| J | • ▬ ▬ ▬ |
| K | ▬ • ▬ |
| L | • ▬ • • |
| M | ▬ ▬ |
| N | ▬ • |
| O | ▬ ▬ ▬ |
| P | • ▬ ▬ • |
| Q | ▬ ▬ • ▬ |
| R | • ▬ • |
| S | • • • |
| T | ▬ |
| U | • • ▬ |
| V | • • • ▬ |
| W | • ▬ ▬ |
| X | ▬ • • ▬ |
| Y | ▬ • ▬ ▬ |
| Z | ▬ ▬ • • |
| 1 | • ▬ ▬ ▬ ▬ |
| 2 | • • ▬ ▬ ▬ |
| 3 | • • • ▬ ▬ |
| 4 | • • • • ▬ |
| 5 | • • • • • |
| 6 | ▬ • • • • |
| 7 | ▬ ▬ • • • |
| 8 | ▬ ▬ ▬ • • |
| 9 | ▬ ▬ ▬ ▬ • |
| 0 | ▬ ▬ ▬ ▬ ▬ |

Морзеовиот код е телекомуникациски метод кој ги шифрира текстуалните знаци како стандардизирани секвенци од две различни траења на сигналот, наречени точки и цртички, или „дитови и дах". Меѓународниот Морзеов код ги шифрира 26-те основни латинични букви од А до Ш, една акцентирана латинична буква (É), арапските бројки и мал сет на интерпункциски и процедурални сигнали (записи). Не постои разлика помеѓу големи и мали букви. Секој симбол на Морзеовата шифра е формиран со низа од „дамки" и „дахови". Буквите од зборот се одделени со празно место, со времетраење еднакво на три дита, а зборовите се одделени со празно место, еднакво

на седум дитови.

Морзеовиот код може да запамети и да се испрати во форма што е забележлива за човечките сетила, на пример, преку звучни бранови или видлива светлина, така што може директно да се интерпретира од лица кои се обучени за таа вештина.

Бидејќи многу природни јазици користат повеќе од 26 букви од латинската азбука, Морзеовата азбука е развиена токму за тие јазици, главно со транслитерација на постоечките шифри.

Морзеовиот код во авијацијата започнал со ре-







довна употреба во средината на 1920-тите години. За време на Првата светска војна, воздушните бродови „Цепелин", кои биле опремени со радио, се користеле за бомбардирање и за поморско извидување, а копнените радиопронаоѓачи на насока биле користени за навигација на воздушни бродови. Сојузничките воздушни бродови и воените авиони, исто така, направија одредена употреба на радиотелеграфијата.

Радиотелеграфијата, со користење на Морзеовиот код, имала суштинско значење и за време на Втората светска војна, особено во пренесувањето пораки помеѓу воените бродови и поморските бази на земјите кои војувале. Комуникацијата од брод до брод со долг дострел се одвивала преку радиотелеграфија, користејќи шифрирани пораки, бидејќи главните радиосистеми на бродовите тогаш биле мошне ограничени, и во нивниот опсег и во нивната безбедност. Радиотелеграфијата, исто така, многу ја користеле и воените авиони, особено патролните авиони со долг дострел, кои биле испраќани од морнарицата за да бараат непријателски воени бродови, товарни бродови и бродови со војници.

Морзеовиот код се користел како меѓународен стандард за поморски неволји до 1999 година, кога беше заменет со Глобалниот систем за поморска неволја и безбедност.

Француската морнарица престанала да го користи Морзеовиот код на 31 јануари 1997 година, додека во Соединетите Американски Држави, последниот комерцијален пренос на Морзеовиот код бил испратен на 12 јули 1999 година.

Од 2015 година, Военото воздухопловство на Соединетите Американски Држави сè уште обучува мал број од своите регрути на овој застарен комуникациски систем. Тие сметаат дека може да се покаже корисен доколку сите други комуникациски системи евентуално би откажале. Системот на Морзеовиот код помогнал да се спасат многу животи, да се пренесат важни пораки, да им се даде на луѓето првиот увид за тоа како е да се комуницира со некого којшто е на далечина од неколку милји. Морзеовиот код нè потсетува до каде сме стигнале со користење на нашата комуникациска поврзаност.



Денес Морзеовата азбука има и културно значење. Таа се користи во уметноста, во литературата и во дизајнот. Уметниците честопати ја применуваат на специфичен начин, за да пренесат пораки или за да прикажат скриени значења. Денес, Морзеовата азбука се практикува како хоби кај радиомоделарите, во поморската комуникација и кај извидниците за време на нивните кампувања во природа, за да пренесат скриена порака. Сојузот на извидници на Македонија ( Scout Association of Macedonia ) пред неколку години ја преведе македонската азбука со познатиот Морзеов код. ■



# Швајцарската гарда: Живата традиција на Ватикан



Пишува: Александар Стојчевски

Смртта на папата Фрањо и останатите церемонии, ја ставија во прв план впечатливата Швајцарска гарда, најмалата војска на светот во служба на Ватикан. Таа веројатно е најфотографираната војска на светот. Нивите шарени униформи предизвикуваат љубопитност кај сите кои го посетуваат Ватикан. Оваа мала, но исклучително добро обучена единица, повеќе од петстотини години е верна сенка на папата. И во добро и во зло, и во мир и во војна, Швајцарската гарда е „будното око" кое се грижи за безбедноста на папата, а нејзината богата историја, препознатлива униформа и уникатни обичаи ја прават една од најфасцинантните институции во светот.

Папската Швајцарска гарда, позната и како Ватиканска гарда (германски: Schweizergarde, италијански: Guardia Svizzera Pontificia, латински: Pontificia Cohors Helvetica или Cohors Pedestris Helvetiorum a Sacra Custodia Pontificis), е една од најстарите и најмалите војски на светот. Нејзината историја започнува во 1506 година, за време на понтификатот на папата Јулие II. Во тоа време швајцарските војници биле многу ценети низ цела Европа, благодарение на нивната храброст, дисциплина и воена вештина. Папата Јулие II, соочен со политичка нестабилност и закани кон папската држава, одлучил да формира лична гарда, составена токму од швајцарски војници. Врз основа на договор со кантоните Цирих и Луцерн, 200 војници од Швајцарската гарда требало да бидат испратени да ја бранат папската држава. Така, на 22 јануари 1506 година, првата група од 150 швајцарски гардисти пристигнала во Рим, предводени од капетанот Каспар фон Зиленен. Овој датум и денес се слави како официјален ден на основањето на Швајцарската гарда.

Еден од најдраматичните моменти во историјата на Швајцарската гарда е големото ограбување на Рим во 1527 година. Ватикан бил нападнат од армијата на Карло V, император на Светото Римско Царство. На 6 мај 1527 година, 147 швајцарски гардисти херојски ја бранеле базиликата „Свети Петар" и самиот папа Клемент VII од најмалку 20.000 напаѓачи. Речиси сите гардисти загинале во одбраната, обезбедувајќи време папата да избега низ таен премин до замокот Сант Ангело. Денес, на 6 мај, новите гардисти даваат заклетва во чест на нивната пожртвуваност и верност.

Униформата на Швајцарската гарда е една од најпрепознатливите униформи во светот. Униформите се впечатливи и многу шарени, со дизајн инспириран од ренесансниот стил со пердуви на шлемовите, раскошен оклоп за командантите и униформи со сини и жолти риги со надуени ракави и црвени и портокалови детали. Иако се верува дека Микеланџело ја дизајнирал униформата, всушност, денешната униформа била воведена дури во 1914 година. Тие се дизајнирани од командан-

тот Жил Репонд, веројатно инспириран од Рафаел и боите на семејството Медичи. Нивната униформа во риги е направена рачно и се шие по мерка. Секоја униформа тежи околу 4 килограми и е составена од 154 делови. Секако, тука се и повеќе видови на секојдневна работна униформа и модерна тактичка опрема, додека чуварите одговорни за директната заштита на папата секогаш се во цивилна облека. За официјалните церемонии гардистите носат традиционални оружја како што се халебарди и мечеви, додека за безбедносни должности користат и современо огнено оружје.

Строгите правила за приклучување кон Швајцарската гарда останале речиси непроменети со векови. За да се стане швајцарски гардист, секој кандидат мора да ги исполнува следните услови: да е од машки пол (иако се дебатира за можно отворање и за жени во иднина), да е католик, да има завршено најмалку средно образование, да не е оженет при приемот, да има швајцарско државјанство и да има завршено воен рок во швајцарската војска. Исто така, кандидатот треба да биде стар помеѓу 19 и 30 години и да биде висок најмалку 174 сантиметри. Смее да се венча ако има наполнето 25 години, ако има чин водник и доколку три години служел во гардата и да има уште три години служба со чин најмалку водник. Минималниот рок на служба обично е две години. Процесот на селекција на Швајцарската гарда бара од кандидатите да покажат непрекосновена верност, физичка сила и висока примена на воени способности. Кога ќе бидат избрани и кога ќе докажат дека ги задоволуваат стандардите на Швајцарската гарда, потребно е да дадат заклетва пред самиот папа.

Швајцарската гарда не е само елитно обезбедување на папата, туку и единствената официјална воена сила на Ватикан која се состои од 99 гардисти, 31 подофицер, тројца офицери, еден свештеник и еден полковник (командант).

Како Гардата станала официјална армија? Во 1506 година папата Јулиј II официјално ја основал Швајцарската гарда со мисија да го штити него лично и да го обезбедува папскиот двор. Со потпишувањето на Латеранските договори во 1929 година со кои Ватикан стекнал меѓународно призната државност, гардата де факто и де јуре станала единствената официјална вооружена сила на новата држава Ватикан. Таа е наменета за лична заштита на папата – највисок приоритет, без разлика дали папата се наоѓа во Ватикан или патува низ светот, како и за заштита на папскиот двор. Гардата се грижи за одржување на внатрешната безбедност, а во случаи на сериозна криза, гардата би имала задача да ја обезбеди стабилноста во границите на државата Ватикан. Присуствува на официјални настани, дипломатски приеми и верски церемонии каде што се бара силно симболично присуство. Во случај на напад врз Ватикан или настанување на внатрешни безредија, гардистите имаат задача за евакуација на папата и одбрана на клучните институции.

Швајцарските гардисти поминуваат низ интензивна обука пред да започнат со својата служба. Обуката вклучува тактика за контрола на нереди и ВИП заштита, користење на смртоносно и помалку смртоносно оружје, надзор и многу други тактички вештини. Основната обука е поделена во два дела и трае вкупно два месеци. По лекарските прегледи во Ватикан, тие завршуваат едномесечна обука во полицијата на кантонот Тицино, Швајцарија. Потоа, регрутите се враќаат во Ватикан каде што се обучуваат уште еден месец. Оваа обука вклучува стекнување на потребни знаења за местата и луѓето, основно знаење на италијанскиот јазик, традиционални техники за борба со мечеви и халебарди, протокол и церемонијални должности на Гардата, посредување во активности за заштита. Дисциплината е исклучително строга. Гардистите мора да демонстрираат високо ниво на професионализам, самоконтрола и почит кон папата и институциите на Ватикан.



Како и секоја војска, и Швајцарската гарда има систем на обука со оружје каде спаѓаат и меч и хелебарда (посебен вид на копје со секира). Секако, имаат и современо пешадиско оружје како што се пиштоли, автоматски пушки и митралези. Гардистите се опремени со пиштоли „Глок 19“ и „26“, јуришна пушка „SIG 550“ (Stgw 90) и јуришна пушка „SIG 55“, и двете со калибар 5,56 mm. Исто така, користат и пушки „B&T APC 556“ и „B&T APC 9“. Швајцарската гарда редовно се модернизира со ново оружје и опрема, но од друга страна не ги напуштаат старите оклопи и оружја од употреба.

Швајцарската гарда е симбол на верност, дисциплина и непоколеблива посветеност на службата и претставува мост помеѓу минатото и сегашноста. Нејзината присутност на церемонии, литургии и државни настани му дава на Ватикан чувство на историска длабочина и континуитет. Швајцарската гарда не е само историја или украсна формација – таа е жива традиција што го чува најмалиот град-држава на светот. Неверојатно е колку војската цврсто ги задржала своите културни корени, а истовремено се приспособила на современото време и безбедносните закани. Всушност, токму културните корени се тие кои ги потсетуваат дека кога било може да дојде момент припадниците на Гардата да бидат повикани да го жртвуваат својот живот за папата, токму како нивните претходници пред повеќе од 500 години. ■



# ГАЈ СИМОНДС – тактички иноватор и неуморен водач



Пишува: потполковник Златко Блажески

Генерал-потполковник Гај Гранвил Симондс се издвојува како еден од најголемите канадски воени водачи по својот интензивен интелект, педантна подготовка и оперативна брилијантност. Најпознат е по своите командни улоги во Втората светска војна, особено за време на италијанската кампања и истоварувањето во Нормандија. Симондс оставил неизбришлив белег на воената доктрина и лидерскиот етос на Канада и во светски рамки. Неговите придонеси помогнаа во обликувањето на канадската армија во професионална, модерна сила, способна за прецизно извршување сложени операции.

Гај Гранвил Симондс е роден на 23 април 1903 година во Бери Сент Едмундс, Сафолк, Англија. Неговиот татко, Сесил Симондс, служел во Британската индиска армија, а потоа семејството се преселило во Кингстон, Онтарио. Ова преселување во Канада ги поставува темелите за евентуалната воена кариера на Симондс во рамките на канадските вооружени сили. Раното образование на Симондс во Кингстон, а подоцна и во Кралскиот воен колеџ на Канада (RMC), ќе го смести во средина во која се цени дисциплината, академската строгост и лидерскиот потенцијал. За време на престојот во RMC, Симондс се истакнал во академските кругови, како и во теренската обука. По дипломирањето во 1925 година, тој бил распореден во Кралската канадска коњичка артилерија. Неговите рани задачи вклучувале служба и во Канада и во Обединетото Кралство, што му овозможило да се запознае со различни воени традиции. Периодот помеѓу Првата и Втората светска војна бил клучен период кој влијаел врз оформувањето на Симондс во воена смисла. Во 1932 година бил избран да присуствува на Штабниот колеџ во Камберли, каде што во целост се посветил на проучувањето на оперативната уметност, воената историја, логистиката и командните принципи. Ова искуство длабоко ќе ја обликува неговата командна филозофија, особено неговиот аналитички пристап и неговиот акцент на доктринарната кохерентност. Почетокот на Втората светска војна во 1939 година ќе го затекне Симондс на служба во Првата канадска дивизија. Тој се издвојувал со неговиот остар стратешки ум и вештините за детално планирање. Пред да ја преземе командата на разни бригади и дивизии во брз редослед, служел како офицер на штабот во Првата дивизија. Во 1943 година Симондс бил унапреден во генерал-мајор и му



било доделено да командува со Првата канадска пешадиска дивизија. Тој ја предводел оваа формација за време на тешката италијанска кампања, особено за време на битката кај Ортона. Овој брутален конфликт „улица по улица“ му го донесе на градот прекарот „Мал Сталинград“. Лидерството на Симондс во справувањето со урбаната војна ја нагласило неговата приспособливост и разбирање на модерната борбена динамика. И покрај хаотичната природа на урбаната војна, Симондс успеал да одржи оперативна кохезија меѓу своите единици. Тој ја нагласувал децентрализираната команда, дозволувајќи им на помладите офицери да донесуваат одлуки на терен, додека одржуваат строг надзор преку прецизно планирање. Неговиот пристап претставувал синтеза на британската доктрина и новите концепти на маневрирање во војната. Репутацијата на Симондс како воен лидер се зголемила за време на Нормандиската кампања во 1944 година. Неговата најзначајна операција во овој период е операцијата „Тотализ“, од 7 до 10 август 1944 година, осмислена за да се пробие од мостот Нормандија и да ги опкружи германските сили во џебот Фалез. Симондс во оваа операција користел неколку нови тактики. Најпознато е користењето на т.н. тактика „Кенгури“ - пренаменети оклопни транспортери направени од пренаменети тенкови за транспорт на пешадија под оклопна заштита. Оваа иновација значително ги намалила жртвите, воедно зголемувајќи ја брзината на движењето на пешадијата на отворен терен.

Симондс, исто така, е пионер и во употребата на координирани артилериски баражи со временско ограничување на целта, синхронизирани со оклопните напредувања. Планирањето на операцијата „Тотализ“ вклучувало прецизно темпирање, детална координација помеѓу воздушните и копнените единици и интеграција на повеќе вооружени оружја, што е белег на модерното комбинирано војување. Иако самата операцијата не била апсолутен успех, таа означува пресвртница во тактичкото размислување на сојузниците. По операцијата „Тотализ“, Симондс ја водел операцијата „Трактабл“, уште една критична офанзива насочена кон запечатување на јазот Фалез и заробување на германските сили коишто се повлекувале. Неговата способност да одржува оперативен моментум, да координира мултинационални сили и да се приспособува на условите на бојното поле му донеле пофалби од командантите на сојузниците. По Втората светска војна, Симондс се вклучил во реорганизацијата и модернизацијата на канадската армија, а во 1951 година, тој станал началник на Генералштабот. За време на неговиот мандат тој се фокусирал на приспособување на канадската воена доктрина на постоените услови, вклучувајќи ги заканите од Студената војна и интероперабилноста на НАТО.

Сајмондс се пензионирал во 1955 година, но останал активен во јавната служба и во военото образование. Тој бил член на неколку советодавни одбори за одбрана и безбедност и често држел предавања за воена историја и стратегија. За разлика од многу пензионирани генерали, тој избегнувал партиска политика, цврсто верувајќи во одвојувањето на воените и политичките сфери. Тој продолжил да пишува и да зборува за прашања од одбранбената политика, предупредувајќи на самоволие во нуклеарното доба и повикувајќи на континуирано инвестирање во воена подготвеност. Сајмондс починал на 15 мај 1974 година.

Филозофијата на лидерството на Гај Симондс е дефинирана од неколку основни начела: интелектуална строгост, внимание на детали, професионализам и начин на размислување ориентиран кон резултати. Тој не се стремел кон популарност меѓу подредените и честопати го сметле за мошне строг. Тој не толерирал некомпетентност и често ги разрешувал офицерите кои ги сметал за неспособни за командување со потчинетите. Неговиот стил на лидерство се состоел од доктрина и обука. Тој се залагал за реални теренски вежби што ги имитирале борбените услови.

Во Канада, неговото име се одбележува преку воени стипендии, згради, објекти за обука и друго. Сепак, тој останува недоволно препознаен во колективнатаа меморији, ситуација што некои историчари се обиделе да ја поправат преку обновено академско внимание.

Наследството на Гај Симондс е трајно и влијателно. Тој е запаметен како тактичар, реформатор и војник-научник. Неговите кампањи, особено во Италија и Нормандија, се изучуваат на воените академии поради нивната оперативна длабочина и тактичка иновација. Тој не е препознатлив само по своите лични достигнувања, туку и по модерните и современи планови за воено лидерство. ■





# ОПЕРАЦИЈА „КЕРБЕРУС“



Пишува: мајор Зоран Василески

## План за операцијата

После завршување на Гусарската војна во Атлантикот, на 22 март 1941 година во француското пристаниште Брест впловиле германските боеви крстосувачи „Шарнхорст“ и „Гнајзенау“, додека тешкиот крстосувач „Принц Еуген“ вловил на 1 јуни 1941 година, после учеството во операцијата „Рајнбург“. Во тоа време се извршиле потребните поправки на бродовите и истите биле снабдени со гориво. Поради честите напади од воздух, германскиот адмиралитет изнел предлог за враќање на бродовите во Германија, со маршрута на движење која првично требало да се изведе преку Данскиот Теснец, со понатамошна можност истата да се изведе преку најкраткиот поморски пат, поточно преку каналот Ла Манш.

Операцијата лично ја наредил Хитлер, за која се обезбедени сите потребни средства за успешна реализација, со исчистени премини преку мински полиња во каналот Ла Манш, како и дополнителни станици за одвраќање на британските радари на брегот на каналот. Германските подморници биле задолжени за редовно известување за метеоролошката ситуација, со упатување на неколку разорувачи во Брест за да се засили поддршката на ескадрата, додека

Операција „Керберус“ претставува огромна поморска престрелка која се одиграла во текот на Втора светска војна, каде германската поморска ескадра, составена од боевите крстосувачи „Шарнхорст“ и „Гнајзенау“, тешкиот крстосувач „Принц Еуген“ и голем број на разорувачи, исловиле од пристаништето Брест, извршиле пробивање на британската блокада во каналот Ла Манш и вловиле во матичното пристаниште во Германија.

Операцијата „Керберус“ започнала точно во 21.15 часот на 11 февруари 1942 година, кога од пристаништето Брест исловила германската ескадра која останала незабележана околу 12 часа до приближувањето во Доверски Теснец. И покрај бројните напади од страна на RAF – британската морнаричка авијација и крајбрежна артилерија, операцијата успешно завршила кога сите германски бродови на 13 февруари вловиле во германските пристаништа.




Луфтвафе ветила постојана ловечка заштита со која требало да командува германскиот ловечки ас Адолф Галанд.

Моралот на германските посади бил на високо ниво. Локалните жители забележале дека се подготвуваат обемни подготовки за движење на германските бродови. Германските посади на бродови ращириле лажни гласини за насоките на движење на ескадрата за пловење во насока на јужен Атлантик.

## Реакцијата на Британците

Вицеадмиралот Бертрам Ремз, главен командант на британската Кралска морнарица, на располагање имал шест разорувачи, од кои четири требало да бидат во постојана приправност на сливот на реката Темза, но истите не се наоѓале на предвидената позиција. Исто така, во составот на британските сили се наоѓале и три ескортни разорувачи од класата „Хант" кои не биде опремени со торпеда и не претставувале опасност за капиталните германски воени бродови и флотила составена од 32 британски торпедни чамци кои биле стационирани во Ремзгејт и Довер.

Почетокот на операцијата ги затекнал Британците неподготвени, така што ноќните патроли на британското морнаричко воздухопловство не забележале дека германските бродови го напуштиле Брест поради неисправна радарска опрема. Не можело никако да се претпостави дека, Ловечката команда прва ќе ги забележи германските бродови во каналот, најмногу заради изгубеното време, додека извештајот за нивното движење стигнал до Бомбардерската команда и Кралската морнарица. Некоординираните напади од флотила на торпедни чамци и шест застарени двокрилни торпедни авиони од типот „Fairy Swordfish" на морнаричкото воздухопловство немале никаков ефект, но храброста на пилотите на „Swordfish" ќе го стекне признанието од обете страни. Вицеадмиралот Ремзи за ова ќе напише: „По мое мислење, храбриот налет на тие шест 'Swordfish' авиони претставува еден од најсветлите примери за самопожртвуваност и посветеност на должноста, кои некогаш биле видени во војната", додека пак адмирал Цилијакис изјавил: „Ноќниот напад на неколкуте застарени авиони е храброст која ја надминува која било постапка на двете судрени страни тој ден".

Во одговорот на Бомбардерската команда на РАФ учествувале вкупно 675 авиони (од кои 242 бомбардери, 398 „Speedfire", „Hurricane" и 35 авиони на крајбрежната команда), кои на 12 февруари 1942 година извршиле повеќе борбени летови со задача да ја пронајдат и да ја нападнат германската флота. На пладне, истиот ден, во акција стапила и британската крајбрежна артилерија. Батеријата на Јужен Форленд била опремена со новиот радар тип „К"и таа почнала со следење на германските бродови од составот на групата „Брест" кои се движеле по каналот во правецот на 'ртот Гри Нез.

Бродовите-разорувачи кои му биле доделени на вицеадмиралот Ремзи не биле подготвени за акција поради тоа што не се наоѓале на предвидените позиции, задоцниле при нападот на германската флота и испукале торпедна салва во правец на германските бродови. Британците ја промашиле целта и огнот од германските бродови „Гнајзенау" и „Принц Еуген" тешко го погодил британскиот разорувач „ХМС Вустер".



## Исходот на операцијата

Британското воздухопловство и воената морнарица за време на неуспешниот обид за спречување на пробивањето на германската поморска група „Брест" низ каналот претрпеле многу големи загуби. Поради тоа во Британија расположението после операцијата било мошне лошо. Британците претрпеле сериозен удар по гордоста на нивната Кралска морнарица, формирана кон крајот на 17 век.

На германска страна, успехот на операцијата бил примен со воодушевување. Германските загуби биле изненадувачки мали – за време на целата операција биле срушени 17 авиони, а загинале 11 пилоти. ■



# ПЕТРЕ ПИРУЗЕ-МАЈСКИ –
## од опеан командант до затвореник на Голи Оток



Пишува: проф. д-р Виолета Ачкоска

Трагајќи низ сувопарните историски факти, одлучувачки битки и настани од македонската историја на XX век, се обидовме да ја побараме човечката димензија и судбината на поединецот кој на своја кожа ги почувствувал променливите „плими и осеки“ на времето во кое живеел и се борел. Во овие рамки може да се стави ликот на Петре Пирузе-Мајски, комунист по своето идеолошко определување, којшто националното ослободување на својот народ го сметал за нераскинлив дел од социјалната револуција. И како човек и како комунист, Пирузе го краселе особините на чесност, хуманост, борбеност, храброст и подготвеност за саможртва.

Петре Пирузе е роден во Охрид на 5.5.1907 година, а починал исто во Охрид на 12.1. 1980 година. Тој припаѓа на генерацијата Македонци кои созреале во периодот помеѓу двете светски војни, кои студирајќи на тогашните југословенски универзитети, активно се вклучиле во прогресивното студентско движење. Пирузе дипломирал на Правниот факултет во Белград во 1936 г. и започнал адвокатска кариера. За време на парламентарните избори во Кралството Југославија во 1938 г., се борел на страната на опозицијата, против социјалните и економските неправди што ги вршел монархистичкиот режим врз работните слоеви. Во 1940 г. станал член на КПЈ, а во мај 1941 г. е назначен за прв секретар на парти-



ската организација во Охрид. После упадот во Охридската организација во октомври 1941 г., на судскиот процес против охридските комунисти, одржан во ноември, Петре Пирузе, во осуство е осуден од страна на бугарските окупаторски власти на смрт со бесење. Така, всушност, тој го започнал својот илегален живот, неуморен во создавањето на партиските ќелии и на народноослободителните партизански одреди во Дебарца. На 1 мај 1943 година заминал во партизани и таму го добил партизанското име Мајски.

Пирузе раководел со НОБ во Западна Македонија како командант на Втората оперативна зона. Учествувал во формирањето на Баталјонот „Мирче Ацев", на Првата македонско-косовска ударна бригада и како бестрашен командант и борец е опеан од народот во Охридско и во Дебарца. Бил член на Главниот штаб на НОВ и ПОМ, делегат на Второто заседание на АВНОЈ, член на Иницијативниот одбор за свикување на Првото заседание на АСНОМ, делегат на АСНОМ, член на неговиот Президиум и прв повереник за правосудство на македонската држава. Но, уште во текот на војната и непосредно по неа, на македонската политичка сцена, условно, се диференцирале две струи: „промакедонска", која се залагала за интегрално решение на македонското прашање и „пројугословенска", која сметала дека македонското прашање е решено со одлуките на Второто заседание на АВНОЈ (на 29 ноември 1943 г.). Пирузе спаѓа во групата македонски дејци кои барале обединување на Македонија во рамките на една балканска федерација. Тоа го искажал и при посетата на Софија во декември 1944 година. Неговата изјава нема да им се допадне на Британците кои ќе побараат од Белград и од Софија да преземат мерки за „неодмерените изјави" на одделни македонски политички личности, со цел да се запре нивната активност. Настојувањата за создавање на југословенско-бугарска федерација во која ќе се обединат асномска и пиринска Македонија, било спротивно на британските интереси на Балканот.

Петре Пирузе бил истомисленик со Методија Андонов-Ченто, кој заедно со повеќе македонски национални дејци, застанале на линијата за поголема самостојност на Македонија во рамките на југословенската федерација, барале поголема демократија во партијата, а не се откажувале и од прашањето за обединување. Ваквите нивни ставови се сметале за „антипартиски" и за „автономизам", а тие биле прогласени за непријатели на Титова Југославија и на братството и единството на југословенските народи. Повеќето македонски дејци, меѓу кои и Пирузе, биле тргнати од локален терен и испратени во сојузните органи во Белград.

Случувањата за време на Информбирото (1947 – 1956), им послужиле на партиско-државните власти, политички да ги елиминираат и да ги затворат повеќето македонски „автономисти" и „сепаратисти", да ги етикетирани како приврзаници на Резолуцијата на Информбирото (на 28 јуни 1948 година). Пирузе, без судска пресуда, директно од канцеларијата на сојузен судија во Белград, бил уапсен (на 14 ноември 1950 г.) и одведен во логорот на Голи Оток, со седмата група затвореници, каде што останал до февруари 1954 година

На Голи Оток бил прогласен за „најопасна банда" и таму доживеал вистинска голгота: поминување низ тепачкиот строј, плукање и понижување, бојкот, тешка физичка работа, изгладнувања, иследничка „пеколна игра", што значело секоја ноќ безмилосно испрашување, физичка репресија и психичка тортура. На заканите на иследникот, дека ќе биде уништен ако не ја прифати раката на соработка и ако не се „исчисти" од неговата „злосторничка дејност" против партијата и против народот, тој достоинствено одговарал: „Мојата совест е чиста. Секогаш сум му служел на народот; за негово добро, за неговата слобода и правда... Одамна јас не си припаѓам само на себеси, така што твоите закани не ме плашат".

По враќањето од Голи Оток и добивањето граѓански права и слободи, но постојано следен, на Петре Пирузе-Мајски многу тешко му паѓало неговото елиминирање од политичкиот и општествениот живот. Крстот на „информбировец" ќе го носи до крајот на животот, иако никогаш не се откажал од комунистичката идеологија. Одземената „Партизанска споменица 1941" во 1947 г. , му била вратена дури во 1967 година. Тој бил омилена личност во Охридско-струшкиот Регион, така што во 1968 г. бил предложен за кандидат за народен пратеник. Тогаш била спроведена нова хајка и деградација на неговата личност, но и на сите оние кои застанале зад неговата кандидатура.

Повеќе години после напуштањето на Голи Оток, евоцирајќи спомени од тоа негово премрежје, носејќи во градите незалечена рана, Пирузе ќе каже: „Никогаш не сум можел да верувам дека оној за кого си готов да го дадеш својот живот така сурово, без вина, ќе те измачува и ќе стане твој џелат но, ете, и по повеќе од три децении... да бидеш суштество без своја личност и тоа во земјата што со крв си ја градел...".

Во 1991 година Петре Пирузе-Мајски конечно го доби своето заслужено место во историјата на Македонија. Таа историја на македонската борба и непокор не можеше да биде напишана без неговата улога во бурните и клучни настани од НОВ и создавањето на современата македонска држава. ■





## Милош Ранчиќ, професионален војник и армиски репрезентативец во атлетика на долги патеки

# Со армиски услови за работа, до незамисливи резултати!

Пишува: Борче Лозановски

Професионалниот војник Милош Ранчиќ и оваа година потврдува дека е еден од најголемите спортски амбасадори на македонската армија, како на домашната, така и на меѓународната сцена. Ранчиќ, кој е член и на атлетскиот клуб Куманово, беше убедливо прв на крос трката на 5 километри на Меѓународниот ден на воени спортови (во февруари во Скопје), но и најуспешен Македонец на Светските зимски воени игри, каде што во конкуренција на 90-тина атлети го освои 50-тото место (на крајот на март, во Луцерн, Швајцарија). Со овие постигнувања Ранчиќ покажа дека од него може да се очекуваат значајни резултати и во иднина, пред сè оваа година, што беше причина за неговото гостување на страниците на „Штит".

**На почетокот, од кога сте во спортот и зошто се одлучивте за атлетиката?**

- Моите почетоци во спортот се поврзани со одбојката. Од четврто одделение , па до крајот на средното образование, бев либеро во одбојкарскиот клуб „Куманово", каде што се издвојував на кондиционен план. Пред крајот на 2009 година слушнав за Скопскиот атлетски маратон, па си реков зошто да не учествувам. За да проверам дали можам да одговорам на предизвикот, почнав да трчам рекреативно на кејот во Куманово, каде што ме забележа Лука Гаревски. Тој ме поврза со тренерот во атлетскиот клуб „Куманово", Филип Колески, кој ми даде програма за тренирање. Тренинзите донесоа напредок, така што на мојот прв полумаратон (на Скопскиот маратон), патеката од 21 километар ја истрчав за еден час и 37 минути. Очигледно беше дека имам потенцијал за атлетика и ако се земе предвид дека во тој период одбојкарскиот клуб почна да стагнира, нормално беше целосно да се посветам на трчањето. После 15 години трчање, можам да кажам дека за македонски услови имам солидна кариера и лично јас сум задоволен од постигнатото на атлетска и на крос патека, како и на планински трки. ■

**Кои постигнувања ги издвојувате како најзначајни во досегашната кариера?**

- За мене најдобар резултат што сум го направил на меѓународна сцена е пласманот во „топ 40“ на Јуниорското светско првенство во Албанија. Таа трка ме мотивираше да учествувам на планински трки во кои можам да кажам дека сум најуспешен. Досега сум настапил на три европски и на три светски првенства и секогаш сум во средината, што претставува успех, имајќи ја предвид конкуренцијата. Тука ќе го спомenam и учеството на Воената европска олимпијада во Баку (Азербејџан), а особено на Олимпијадата во Вухан (Ј. Кореја) во 2019 година. Таму, пред полн стадион, го постигнав своето најдобро време на трката на 10 километри (32 минути и 52 секунди) и во конкуренција на повеќе од 100 натпреварувачи бев 58-ми.

Кога се во прашање настапите на домашната сцена, имам повеќе први, втори и трети места; на планински трки бев државен првак; на Националната арена истрчав 5.000 метри за 15 минути и 37 секунди; триумфирав на повеќе од 90% на армиските трки на кои учествував...



Ќе споменам и дека сум најбрзиот Македонец на трката „Прв до врв“ на Водно, откако патеката од 4,5 километри ја искачив за 33 минути. Убеден сум дека можам и побрзо, ама секогаш сум имал проблем со временските (не)прилики, односно учествував на многу каллив терен. Доколку не врне, верувам дека можам да го искачам Водно и за помалку од 32 минути, што во моментов ми е примарна цел кога се во прашање планинските трки.

**Кои се Вашите планови и очекувања од настапите оваа година?**

- Оваа година очекувам што е можно подобри резултати, пред сè на меѓународните воени натпреварувања. На почетокот на август ќе учествувам на Военото балканско првенство во Србија. Таму учествуваат атлетичари од 10-тина држави, а јас во многу силна конкуренција во 2023 година бев трет, додека лани го освоив четвртото место.

Секако, ме очекуваат многу трки и на домашна сцена, каде што исто така ќе дадам сè од себе за да ја претставам Армијата во најдобро можно светло.

**Кажете ни нешто и за армиската кариера. Од кога сте во АРМ и зошто се одлучивте за професијата професионален војник?**

- Спортскиот дух што го имам ме поттикна да си ја пробам среќата за да влезам во армискиот тим. Се пријавив, одговорив на предизвикот и еве веќе речиси 12 години (од крајот на 2013 г.) сум професионален војник во македонската армија. Бидејќи по струка сум електротехничар-енергетичар, почнав во Технично-ремонтниот центар во Ѓорче Петров. После половина година преминав во ВИНГ во Петровец, а последниве осум години (од 2017 г.) сум во логистичката база во воениот



спортско-рекреативен центар Воен стадион во Скопје.

**Дали е тешко да се усогласат обврските на две полиња, војничките и спортските?**

- По тоа прашање немам никаков проблем! Ако се направи добар план тогаш има време за сè. Освен работата на професионален војнички план, на Воениот стадион имам сè што е потребно за работата на еден спортист, а со тоа и за исполнување на моите спортски приоритети кои сум си ги поставил пред себе. Затоа упатувам голема благодарност до Министерството за одбрана и за Армијата, кои ми ги овозможуваат сите потребни услови, неопходни за еден спортист којшто сака да постигне резултат. Јас токму благодарение на АРМ стигнав до овие резултати, резултати на кои не сум се надевал и затоа со гордост можам да кажам дека Армијата ми даде многу за да бидам пример за целиот персонал - истакна на крајот Милош Ранчиќ. ■





# „Битката за Нарвик“

„Битката за Нарвик“ е норвешки историски филм што ги прикажува битките кај градот Нарвик од 9 април до 8 јуни 1940 година. Приказната се одвива во малиот пристаништен град Нарвик. Филмот ја истражува историјата и создавањето на првиот критичен пораз на Германија и на Адолф Хитлер во Втората светска војна.

Норвешка прогласила „неутралност“ во војната, но исто така им го понудила своето пристаниште на Германците, за железната руда која доаѓа од Шведска да биде испратена во Германија. И покрај јасно наведениот став, неутралноста на Норвешка е нарушена од германските трупи кои ја нападнале Норвешка под изговор дека ги штити британските и француските сојузничките сили. Норвешката армија била насилно вовлечена во драмата, а она што се развива е најголемата битка во Норвешка, позната и како Битката кај Нарвик.

Режисерот Ерик Скјолдбјерг главното дејство го филтрира низ перспективата на еден млад војник, Гунар (Карл Мартин Егсбо) и неговата сопруга Ингрид (Кристин Хартген), која работи како преведувач во локален хотел. Наскоро нивниот свет, но и на останатите жители во градот се превртуваат наопаку кога нацистите одлучуваат да ја игнорираат неутралноста на Норвешка и да преземат инвазија на земјата. Кога нацистите го преземаат Нарвик, Гунар и неговите колеги-војници се обидуваат да избегаат, да се сокријат и да возвратат. Во меѓувреме, Ингрид е ангажирана како преведувач на нацистите, а истовремено обезбедува разузнавачки информации за Британците. Ликовите во филмот се соочуваат со многу предизвици, вклучувајќи трауми од војната, редовни хуманитарни кризи и деликатни односи со семејството и пријателите. Еден од клучните моменти во филмот е военото соочување помеѓу норвешките сили, поддржани од сојузниците и германските војски. Норвешките војници се борат не само на територијата во борбите, туку и за достоинството и иднината на нивната татковина. Покрај воените битки, се прикажуваат и тешките избори со кои се соочуваат луѓето – дали да ја заштитат својата земја или да им се препуштат на ужасите на војната. Кинематографијата на филмот, визуелно е импозантна, со спектакуларни снимки на норвешките пејзажи и интензивни сценографии на битките. Во суштина, филмот, не само што разоткрива историски значајна битка , туку ја истражува и човечката природа во услови на искушение.

Овој филм не е важен само за норвешката историја, туку и за разбирањето на глобалните конфликти и последиците од војната врз секојдневниот живот на обичниот човек. ■

**Режија: Ерик Скјолдбаерг, Сценарио: Кристоф Грендал, Торнгрен Вартин, Ерик Скјолдбаерг**
**Жанр: Драма, Улоги:Кристин Хартген, Карл Мартин Егесбо,Кристоф Гелферт Матисен,Хенрик Местад**
**Кинематографија: Џон-Ерлинг Холменес Фредриксен, Музика: Кристин Халс, Продукција: Нордиск филм**
**Година: 2022 година (Норвешка), 23 јануари 2023 година (Нетфликс), Времетраење: 107 минути**
**Земја: Норвешка, Јазик: Норвешки**

Пишува: Станка Петкова



Алфонс Мари Адолф де Нојвил е роден на 31 мај 1835 година. Тој бил француски академски сликар кој студирал под менторство на Ежен Делакроа. Неговите драматични и интензивно патриотски теми илустрираат епизоди од Француско-пруската војна, Кримската војна, војната во Зулу и портрети на војници. Некои од неговите дела се собрани во музејот Ермитаж во Санкт Петербург и во Метрополитен музејот во Њујорк.

Алфонс Мари Адолф де Нојвил починал во Париз на 18 мај 1885 година. ■



Пишува: м-р Трајче Чатмов


Борците од Првата
македонска ударна
бригада
Оригинална фотографија од архивата на Диме Ратајковски